

# Македонски глас

БРОЈ
42

GODINA XIII. 2005
TRAVANJ-LIPANJ
АПРИЛ-ЈУНИ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН

# СЛИКАРСТВОТО НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА

*Уште една квалитетна и голема манифестација на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска*



Сплит

Заедницата на Македонците во Република Хрватска во оваа 2005 година се гордее со уште еден исклучителен настан. Имено, благодарејќи на самопрегорот и несебичното ангажирање на господинот д-р Никола Груздановски, организирана е изложбата "СЛИКАРСТВО МАКЕДОНАЦА У ХРВАТСКОЈ". Планирано е оваа исклучителна сликарска манифестација да ги обиколи сите градови каде постојат македонски културни друштва. До излегувањето на овој број изложбата беше презентирана во Задар и Сплит.

На изложбата се претставуваат : Киро Винокиќ - Вики, д-р Никола Гроздановски - Коле, Круноcлав Стојановски, Емилија Дупарова, Виолета Јуван, Татјана Водник, Зденко Бужек, Зоран Стоилов, Билјана Стаменковска и Блага Петрески.

Наместо преставување на изложбата, пренесуваме дел од текстот на прекрасниот флаер за изложбата, кој го потпишува д-р Гроздановски:

Ovom izložbom predstavljamo Vam likovnu umjetnost, pa ćete imati mogućnost upoznati deset vrsnih makedonskih slikarica i slikara... Promatrajući sve ove slike uočavamo dosljednost stilskih formacija, geometrijski konstrukt te posvemašnju harmonizaciju crteža i boje. Nepotrebno je sve autore svoditi na srodni nazivnik, no međusobna veza ipak postoji u poštivanju klasične estetike slike... Danas slikarstvo nije privilegija elite, slikarstvo i slikari moraju se otvoriti prema promatraču, biti transparentni i približiti se širokom gledateljstvu. Komunikacija između slikara i publike mora biti potpuna i apsolutna.

На сите Македонци во Хрватска, но и на нивните хрватски соседи и пријатели им препорачуваме да ја погледаат оваа изложба, која ќе биде презентирана и во Пула, Риека, Загреб и Осиек.



Задар

GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ

СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА

Главен уредник:
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА
Редакција:
Марко Паризоски - Загреб
Бранка Јаниќ - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Мирјана Мајиќ - Задар
Компјутерска обработка: Сашко Дисоски
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар: Елизабета Жугај

Ovo se glasilo tiska uz materijalnu potporu Savjeta za nacionalne manjine Republike Hrvatske
Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
Žiro račun: 2340009-1100038804

Tel./Fax: (01) 48 72 655
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

За издавачот: Славица Сагадин

Печат: НОНПАРЕЛ д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993.

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

На насловната страница: Татјана Водник, " Гимнастичарки"

**ДРАГИ ЧИТАТЕЛИ**

"Македонски глас" е секогаш отворен за соработка ваши мислења, ставови и погледи.

Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат на адреса на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска за бидат објавени на нашите страници.

**ЗАБЕЛЕШКА:** коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Редакцијата. Редакцијата е одговорна само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

Upravni odbor Makedonskog kulturnog društva "Makedonija" Split na sjednici održanoj dana 14.06.2005. godine donosi sljedeæu

O D L U K U:

Razrješuje se dosadašnji dopisnik i član redakcijskog odbora "Makedonski glas" iz Splita, g-ca Anica Plazonić, te na mjesto dopisnika i članice redakcijskog odbora predlaže i imenuje g-cu Anku Urdinovu – Pereža iz Splita, dugogodišnju članicu makedonskog društva iz Splita. G-ca Urdinova – Pereža je diplomirala na Pedagošku akademiji u Splitu, odsjek biologije.

Split, 16.06.2005.

Predsjednik MKD
"Makedonija" Split
Vladimir Apostolski, v.r.



Никола КАРЕВ



Методија АНДОНОВ - ЧЕНТО



Киро ГЛИГОРОВ

## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН

ВИ ПОСАКУВА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
И
РЕДАКЦИЈАТА НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

# SAMO SVI ZAJEDNO MOŽEMO BITI JAČI



*Од 28 до 30 април годинава во Водице крај Шибеник, во организација на Советот за национални малцинства на Р. Хрватска и агенцијата "СТИНА", се одржа семинар на тема "Улогата на медиумите во промовирањето на малцинските права и меѓуетничката толеранција". Во трите дена на семинарот свои предавања одржаа: Зденка Чухнил, саборска пратеничка, Александар Толнауер, претседател на Советот за национални малцинства при Владата на Р. Хрватска, д-р Синиша Таталовиќ, професор на Факултетот за политички науки во Загреб и советник на претседателот на Р.Х., Сања Плеша, уредничка во емисијата "Призма" на ХТВ, д-р Гордана Виловиќ, од Факултетот за политички науки во Загреб и од Меѓународниот центар за образование на новинарите, како и други учесници. Меѓу претставниците на новинарите и челниците на здруженијата на националните малцинства во Хрватска се водеше обемна и конструктивна дискусија. Македонското национално малцинство на овој значаен настан го застапуваа Славица Сагадин, Атанас Оцаклиески и Марина Апостоловска - Вујаклија.*

*Вашата уредничка својот престој во Водице, освен за следење на овој семинар, го искористи и за интервју со господинот Александар Толнауер.*

**М. глас: Како дојде до соработката со "СТИНА" околу организацијата на овој семинар?**

**Толнауер:** Vijeće za nacionalne manjine već duže vrijeme surađuje sa STINOM i to iz više razloga. Ova agencija bavi se problematikom nacionalnih manjina u R. Hrvatskoj, a Vijeće je uspostavio jedan partnerski odnos s njom, tako da smo preko njihove web stranice objavljivali sve što smo u početku imali kao logistiku, a zatim smo preko ove agencije uspostavili kontakte sa svim Vijećima nacionalnih manjina kod nas. Kad smo došli do saznanja da se trebaju održavati seminari o ulozi medija i promicanju medija te njihovog izvještavanja o manjinama, onda smo uzeli STINU kao partnera u tom poslu.

**М. глас: Како претседател на Советот за национални малцинства при Владата на Р. Хрватска како го оценувате квалитетот на медиумите на националните малцинства што се објавуваат на овие простори?**

**Толнауер:** U ovije dvije godine napravljen je ogroman iskorak. Mediji nacionalnih manjina su jedna specifična stvar jer, na žalost, ti mediji moraju djelovati u posebnim uvjetima glede tržišta, jer oni nisu za tržište. Naša velika želja je da se ti mediji tako razviju da ne budu samo mediji nacionalnih manjina, već da mogu pružiti informacije i većinskom narodu. To je jedan dugi put, ali tu su napravljeni ogromni iskoraci, za što veliku zaslugu ima R. Hrvatska koja je omogućila mnogo više sredstava za tu svrhu. Ima tu i nekih negativnosti od strane pojedinih medija nacionalnih manjina, ali Vijeće se ne miješa ni u jednu uređivačku politiku. Te politike trebaju biti u smjeru razvijanja tolerancije i razumijevanja, a ne stvaranja sukoba.

**М. глас: Кои се главните цели пред Советот на национални малцинства на Р. Хрватска?**

**Толнауер:** Već smo napravili svoj Program, koji slijedimo više od godinu dana, a ono što je najbitnije je da smo uspjeli kao nacionalne manjine izači iz jednog, da tako kažem, ipak pasivnog položaja i pretvoriti se u važan čimbenik hrvatskog društva koji je ušao u javni politički život. U ovom našem Programu poseban naglasak ćemo dati edukaciji pripadnika nacionalnih manjina na području pravne regulative Republike Hrvatske i lokalne i regionalne samouprave.

**М. глас: Како претседател на Советот, иако сте припадник на еврејското национално малцинство, имате ли кон некое национално малцинство посебни "сипматии"?**

**Толнауер:** Prvo ja nemam nikakve simpatije ili antipatije, već imam simpatije za sve. Iako sam židov, ja kao predsjednik Vijeća predstavljam sve nacionalne manjine i vodim računa o svima. Izrazito sam zainteresiran da nitko unutar ovog sustava ne bude ni u čemu oštećen, da svi imaju ista prava i da svi sudjeluju zajedno u kreiranju manjinske politike. Mnogi zaboravljaju jednu važnu činjenicu, a to je da mi možemo i pojedinačne zahtjeve nacionalnih manjina realizirati ako svi zajedno budemo jači te da na taj način svatko može ostvarit svoj vitalni interes.

**М. глас: Колку Хрватската влада има "желба" финансиски да ги помага своите национални малцинства?**

**Толнауер:** Iskazao bih jedno veliko zadovoljstvo u svezi ovog pitanja. Naime, Hrvatska vlada je konkretno dokazala da je u ovim relativno teškim uvjetima s obzirom na proračun, ne samo da je voljna nego i jako zainteresirana za razvijanje programa svih kulturnih autonomija. To je dokazala povečanjem proračunskih sredstava za više od 10 postotaka nego lani. Normalno je da ta sredstva nisu dostatna za sve programe, ali to više nije na bazi samo verbalne i deklarativne podrške. Ovdje moram naglasiti da su za mene vrata predsjednika Vlade, gospodina Sanadera, uvijek otvorena.



*Дел од работната атмосфера на Семинарот*





*Македонската делегација во Водице*

**М. глас: Кој приватно е господинот Александар Толнауер?**

**Толнауер:** Ne volim privatno o sebi govoriti. Pravnik sam po profesiji, dugogodišnji aktivist u židovskoj zajednici. Dolazim iz sredine, koja je, da tako kažem, radno opredeljena. U mladosti sam se bavio glazbom, studirao u Francuskoj, a diplomirao u Hrvatskoj. Ovim poslom i ovom problematikom bavim se dugi niz godina.

Разговарала и фотографирала:
Марина Апостоловска - Вујаклија

Загреб

Заедница на Македонците во Р.Х.

# СЕДНИЦА НА УПРАВНИОТ ОДБОР

На 9 април годинава Управниот одбор на Заедницата ја одржа својата 5 седница.

Покрај членовите на Управниот одбор како гости присуствуваа и амбасадорот на Македонија во Р. Хрватска, Махи Несими и претседателот на Семакедонската координација на македонското национално малцинство во Хрватска, Анастас Оџаклиески.

Претседателката на Заедницата Славица Сагадин ги поздрави присутните и изрази посебно задоволство за присутноста на поканетите гости.



Амбасадорот Махи Несими го изнесе своето видување и размислување за условите и можностите за отворање на македонски културно-информативен центар во Хрватска, односно во Загреб. Тој ја истакна улогата и потребата за отворање на таква културна институција во Загреб, која треба да биде остварена со ангажирање на Амбасадата и Министерството за надворешни работи на Македонија. Но, за отворање на таква институција потребни се големи материјални средства, соодветен простор и постојано вработено лице.

Анастас Оџаклиески ги запозна членовите на Управниот одбор со разговорите што ги водеше во министерствата за култура и за надворешни работи и во Македонската телевизија за време на неговиот неодамнешен претстој во Скопје. Темата на разговорите се однесуваше на досегашната и идната соработка за организирање културни трибини, промоции на книги и околу можностите за отворање на македонски културно-информативен центар. Семакедонската координација треба да биде вклучена во разговорите за потпишување на договор за заштита на македонското национално малцинство во Хрватска и хрватското национално малцинство во Македонија.

Потоа Управниот одбор продолжи со работа според предложениот дневен ред.

М. Паризоски

Риека

# ЧЕТИРИНАЕСЕТО СОБРАНИЕ НА МКД "ИЛИНДЕН"

Овогодишното четиринаесето по ред годишно собрание на Македонското културно друштвото "Илинден" од Риека, кое беше изборно, се одржа на 3 април годинава во салата на Филодраматика. Присутни беа седумдесеттина членови и гости. Иако тоа беше ден на жалост во Хрватска поради смртта на Папата Иван Павле Втори, Управниот одбор на МКД сепак одлучи собранието да се одржи. Во знак на почит кон Папата, собранието започна со минута молчење, а подоцна беа изведени две нумери на стари македонски духовни песми, во интерпретација на гостите од Љубљана - вокалниот квинтет "ПЕЛА" под водство на Љубен Димкаровски.

Дневнот ред од седум точки започна со именување на работнотo претседателство, после што следеше извештајот за работата и програмските дејности, како и прифаќање на овогодишниот План и програма за работата на друштвото, изнесен од досегашниот претседател г. Илија Христодулов. Во извештајот е речено дека дејностите во 2004 година се добро изработени на задоволство на сите членови на друштвото, без некакви посебни забелешки, за што посведочи и дискусијата. Најголем проблем е што друштвото не располага со музичка секција, затоа што не постои таков кадар. За финансиските и останатите работни обврски г-ѓа Марица Бан опширно ги извести членовите, со осврт кон дотираните парични средства и нивното трошење низ годината: најмногу средства се потрошени за двете најголеми манифестации на друштвото - централната прослава на Илинден организирана во Голубињак во соработка со Заедницата, како и Македонската музичка вечер во хотелот Кварнер во Опатија.

Следна точка од дневниот ред беше разрешување на досегашниот Управен и Надзорен одбор и Судот на честа. Потоа следеше предлогот за нови членови на спомe-



натите тела, а за предложените кандидати поединечно се гласаше. Во Управниот одбор беа избрани: Алексовски Маријан, Бачев Ѓуро, Дуновска Ивона, Христодулов Илија, Лозановски Велимир, Младенов Илија, Пејовска Зорица, Полиќ Сања и Зафиров Санде, во Надзорни одбор: Ѓоревски Лидија, Ефремов Александар и Настески Владо, а во Судот на честа: Чавдаров Димче, Давчевски Михајло и Малиниќ Драгица. За благајник е предложена и избрана Пешун Лена. Пред завршувањето на собранието, новоизбраниот Управен одбор одржа краток состанок, на кој според Статутот на друштвото го избраа новото раководство: за претседател повторно е избран Илија Христодулов, за потпрет-

АКТУЕЛНОСТИ

седатели Ивона Дуноски и Велимир Лозановски, а за секретар Марица Бан. Илија Христодулов во име на избраните се заблагодари на изборот и се обврза дека и во наредниве четири години уште повеќе ќе се ангажира за благодат на друштвото.

Во последната точка беше даден предлог за анкетен лист, во кој членовите на друштвото би требале да се изјаснат дали имаат потреби за организирање на Конзуларни денови во Риека од страна на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска.

Собранието заврши со настапот на вокалниот состав "Пела", кој изведе неколку стари, заборавени македонски народни песни.

Риека

НАУЧНО ПРЕДАВАЊЕ

# ТЕОРИЈА НА САМПЛИРАЊЕТО И ПРИМЕНА

доцент доктор Живорад Томовски одржа научно предавање на Поморскиот факултет во Риека (Марина, некаде пишува Живорад, некаде Желимир, некаде самплирање, некаде симплирање. Јас проверив - човекот се вика Живорад, а темата зборува за самплирање, па така и го корегирав текстот.)



Во рамките на научната седница на проектот "Теорија на самплирањето и примена", д-р ЖИВОРАД ТОМОВСКИ , доцент на Природно-математичкиот факултет и на Институтот за математика од Скопје, беше гостин на Поморскиот факултет во Риека. По покана на проф. д-р Тибор Погањ од Поморскиот факултет, а и според потпишаниот договор за научна соработка во рамките на научно-истражувачкиот проект "Нетригометриска Фуриова анализа, ортогонални и специјални функции и примена" помеѓу овая два факултета, на 18 април годинава д-р Томовски одржа предавање на тема "Нееднаквости на тригонометриските полиноми со специјални коефициенти". Предавањето беше наменето за студентите и професорите од Факултетот, но и отворено за заинтересираните граѓани, па затоа беше добро посетено иако тематиката беше исклучително стручна.

Професор д-р Томовски е роден во Тетово 1968 година. На работа е примен како млад асистент природно надарен за математика. Во 29. година магистрирал на Универзитетот во Скопје, а за докторат се подготвувал за време на студискиот престој во Москва на Стекловиот математички институт, под менторство на познатиот проф. Сергеј А. Телѕалковски. Докторската дисертација ја одбранил 2000 година во Скопје.

Овај млад и познат математичар повикуван е на повеќе научни студиски собири, а престојувал во Москва, Краков, Кемниц, Загреб, Темишвар, Риека и многу други градови по Европа. Досега има објавено преку 35 научни труда во Македонија и странство.

По поканата од факултетот, на предавањето присуствуваа и членови на МКД "Илинден" од Риека.

В. Настески

Риека

# ДЕВЕТТА ЕТНО СМОТРА 2005

Со приемот кај градоначалникот Војко Оберснел на претставниците на дваесете здруженија на националните малцинства од Риека, на 21 април годинава започна деветтата по ред Етно смотра - Денови на националните малцинства, која и оваа година се одржаа под мотото "Богатство е да се живее во заедништво". Смотрата траеше пет дена, а се одржуваше на шест локации во градот.

"Пред девет години на првата Етно смотра учество зедоа само пет задруженија од националните малцинства, за тој број денес да порасне на дваесет. Тоа зборува за важноста на оваа манифестација, која веќе стана традиционална. Со ова малцинствата сè повеќе се вклучуваат во разни животни аспекти на градот Риека, па разновидноста во нашиот град е одавно препозната и истакната како наш квалитет. Затоа, денес нема разлика помеѓу мнозинскиот хрватски народ и припадниците на националните малцинства кои се активни во нашиов град, на што сме посебно горди. На партнерскиот однос и разбирањето морам да ви заблагодрам, затоа што сте го покажале духот на соживотот, разбирањето и уважувањето", рече градоначалникот Оберснел.

Првата манифестација - Вечер на поезија и соло музика, се одржа во четвртокот на 21 април, во Домот на Италијаните. Утредента во Клубот на Палах е отворена изложба на фотографии, а Ромското здружение даде игроказ на куса драмска форма.



Средишната свеченост на културната манифестација на ЕТНО смотрата -Денови на националните малцинства, е одржана на риечкото КОРЗО на 23. април, во присуство на голем број членови од сите национлани малцинства кои живееат и работат во Риека, но и пред граѓаните кои саботното претпладне и убавиот сончев ден одлучија да го поминат во градот. На оваа голема фолклорна приредба учествуваа шеснаесет групи.

Овогодишнава Етно смотра се разликуваше и по тоа што во неа имаше доста гости - пеачки и фолклорни групи од другите делови на Хрватска, а и од странство. Во петочасовниот програм на Риечаните прво им се претставија нашите гости од Пула, пејачката група "Ленка", фолклорната група "Мугри", под водство на г. Зико Георгиев и детската група "Sвездички", под водство на г-ѓа Тања Проданов, пратени од чалгаџиите. Потоа следеа гостите од Варшава, од полското културно друштво "Чешката беседа", Ромската фолклорна група, унгарските гости од Будимпешта, потоа Еврејската општина, Русините со гостите од Војводина, Бошњаците со гостите од Бихач, Монте Негро исто така имаше гости од Перој покрај Пула и така редум... (Марина, молим те провери дали овде треба да остане Монте Негро или Црна Гота или... Не знам на што се однесува)

Нашите претставници од Пула со својот настап во средиштето на градот се настапија со традиционалната "Македонска свадба", а публиката имаше можност да ужива во песните, музиката, прекрасната носија со посебно изразениот македонскиот вез и да го следи свадбениот обичај на земањето на невестата.

Во неделата на 24 април беше организиран шаховски турнир во просториите на Заедницата на Унгарците, на која зедоа учество седум екипи. Шаховската секција на "Илинден" го освои четвртото место.

Во вечерните часови истиот ден во Хрватскиот културен дом на Сушак беше организиран настап на хорови, пејачки групи, фолкорни ансамбали, како и на ромскиот театар "Чаплин" со драмски фрагменти.

На задоволство на голем број малцински задруженија, овогодишнава Етно смотра беше добро организирана и многу успешна.

В.Н.

Задар

# ВОНРЕДНО ИЗБОРНО СОБРАНИЕ НА МКД "БИЛЈАНА"

Вонредното изборно собрание на задарското културно друштво на Македонците, по изборот на работното претседателсво се водеше по изгласаниот дневен ред. Извештај за работата на МКД "Билјана" во 2004 год. даде претседателката Тања Јовановска и беше едонгласно прифатен. Потоа, Јовановска даде писмена оставка на функцијата



претседателка на МКД "Билјана", што исто така беше едногласно прифатено. Финансискиот извештај го поднесе благајничката Марија Јакимовска.

По предлог на УО на МКД "Билјана", за нови членови се предложени и изгласани: Мирјана Мајиќ – претседателка, Михаило Кузевски – потпретседател, Хата Радевска – секретар, Марија Јакимовска – благајник, Драган Јакимовски - член/координатор. Надзорниот одбор ќе го сочинуваат: Надица Жампера, Ирена Андријевиќ и Славка Ракиќ, а судот на честа: Драга Бараба, Августина Гулеска Хајдиќ и Добрила Ракиќ.

Ново избраната претседателка Мирјана Мајиќ потоа го прочита планот и програмата за период од 01.04. до 31.12.2005 год. Програмата беше едногласно усвоена и дополнета на предлог на претседателот на Задарското друштво на дијабетичари, г. Серѓо Мичиќ, кој беше гостин на собранието. Неговиор предлог да се направи заедничка акција "Со пешачење до здравје"е едногласно прифатен, а датумот ќе се договори дополнително.

На сите новоизбрани членови на македонското друштво од Задар им пожелуваме успешна и плодна работа.

Задар

# ДЕНОВИ НА КИРИЛ И МЕТОДИЈ И ШЕСТ ГОДИНИ НА МКД "БИЛЈАНА"



Оваа прекрасна манифестација почна на 24 мај годинава со реферат за Кирил и Методиј, кој го напиша и прочита Живко Силавски. Во прекрасен амбиент, кафуле на отворено во склоп на Градската библиотека во Задар, одржана е пригодна програма. Голема помош во организирање на оваа манифестација имавме од страна на вработените на задарската Градска библиотека, посебно од нивниот управител Иван Пехар, за што сме им многу благодарни.

Учесници на манифестацијата беа: Еми Лонфин, Живко Силавски, Иван Андријевиќ, Марија Јовановска, Мирјана Мајиќ и пејачката група"Билјана". Веселбата продолжи со мала закуска. И оваа приредба беше проследена од медиумите. На задоволството на сите членови и гости организацијата беше за пофалба.

Утредента на 25 мај, во просторите нè посети отец Кирко Велински со сопругата Деспина. На големо задоволство на членовите на МКД "Билјана" во убава атмосфера се дружевме со отец Кирко. За подарок ни донесе

Библија, за што сме му многу благодарни. Сите членови беа многу заинтересирани за разговор со отец Кирко, а се договоривме на есен повторно да дојде затоа што се надеваме на една крштевка.

М.М.

Скопје

# ОЏАКЛИЕСКИ ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА

Претседателот на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и претседател на Семакедонската координација во Р. Хрватска, Анастас Оџаклиески, пред одржувањето на трибината на која гостин предавач беше првиот претседател на Р. Македонија, Киро Глигоров, ги посети следните институци во Р. Македонија: Кабинетот на првиот претседател на Р. Македонија, Киро Глигоров, Министерството за култура, Министерството за надворешни работи, Агенцијата за иселеништво, Македонската радио телевизија и Музејот на град Скопје.

Во средбите со надлежните од наведените институции водени се разговори за подобрување на соработката меѓу институциите од Македонија и Македонците во Хрватска. Притоа, се зборуваше за следните теми: започнување на иницијативата за отворање Македонски културно-информативен центар во Загреб; материјална подршка на матичната држава за остварување на програмските активности на македонските асоцијации во Хрватска, поконкретно за гостувања на фолклорни ансамбли, изведувачи на сериозна музика, театарски и балетни групи, предавачи на разни теми, кино проекции, изложби и слично. Со генералната директорка на Македонската радио телевизија, г-ѓа Гордана Стошиќ, водени се преговори за некомерцијално умножување на "Македонски народни приказни".

Господинот Оџаклиески за време на престојот во Македонија даде и интервју за Македонската радио телевизија и за "Утрински весник", кое го пренесуваме во овој број на "Македонски глас".

Истра

# ДЕН НА ГИМНАЗИЈАТА

Во сабота на 19 март годинава, во Пазин беше обележена 11 годишнината на пазинската класична гимназија. На нашата пеачка група "Ленка", инструменталниот состав "Македонски чалгии" и играорната група "Мугри" им беше втор пат по ред да учествуваат на оваа прослава. Тоа го нагласи и директорот на гимназијата монсињор Вилим Грбац, кој ги поздрави учесниците на програмата со зборовите: "I ove godine imamo radost i čast u našoj sredini pozdraviti, čuti i vidjeti članove Makedonskog kulturno-umjetničkog društva "Kočo Racin" iz Pule, koje nas svojim nastupima zna dobro razveseliti i razonoditi."

Нашето доаѓање во Пазин беше можност да се соберат Македонците од овој град и од овој дел на жупанијата и заедно да се дружат. Како посебен чин би го истакнале доаѓањето на Кирко Димовски, по потекло од Тетово, постојано населен во Пазин, кој на наша радост одлично заздравува после сообраќајната несреќа што неодмана ја доживеа.

Беше тоа уште еден убав настап во Пазин, кој ги развесели Македонците што живеат и работат во овој град.

Осиек

# ХУМАНОСТ НА ДЕЛО

На пензионерите кои живеат во Домот за стари и немоќни лица на ул. Дринска во Осиек, членовите на МКД "Браќа Миладиновци" по втор пат по повод Мајчиниот ден им подготвија хуманитарен концерт.

Во преполнатата сала, пензионерите и сите вработени уживаа во македонските песни, ора и поезија, изведени од пејачката група "Вардарки", детската група " Мал Танец" и поетесата Душка Поповска - Јурковиќ. Во придружба на клавијатуристот Јанко Поповски, сите присутни ги пееја познатите рефрени на популарните македонски песни.

Освен со програма, пензионерите беа дарувани со овошје, печива, пити и колачи подготвени од членовите на кулинарската секција на Друштвото.



Пренесуваме

# MAKEDONCI ZA UMIROVLJENIKE

Članovi Makedonskog kulturnog društva "Braća Miladinovci", pjevačke skupine "Vardarke", dječje skupine "Mali Tanec", te pjesnikinja Duška Jurković u pratnji Janka Popovskog na klaviru, poklonili su tijekom prošlog vikenda štićenicima Doma za stare i nemoćne osobe koncert nazvan "Umirovljenicima s ljubavlju". Uz poznate makedonske pjesme, kola i poeziju, štićenike su darivali i voćem, pecivima, pitama i kolačima, koje su pripremili članovi kulinarske sekcije Društva. Inače, bio je to drugi humanitarni koncert u Domu vezan za Majčin dan.

GLAS SLAVONIJE
16. svibnja 2005.



Задар

# МАКЕДОНСКОТО ЈАЗИЧНО ПРАШАЊЕ

Во мултимедијалната сала на Градската библиотека во Задар на 29.04.2005 год. МКД "Билјана" организираше трибина - предавање на тема "Македонското јазично прашање во 19. век и првите училишта на македонски јазик во Македонија". Предавачи беа доц. д-р Августина Гулеска - Хајдиќ и Живко Силавски, а гости на трибината беа студенти и професори од Филозовскиот факултет Задар. Професорката Хајдиќ доста опширно ја обработи темата, а предавањето беше проследено со многу прашања, коментари и дополнувања. Живко Силавски подготви трибина за првите училишта на македоски јазик во Македонија, а и оваа тема беше многу успешно и оширно обработена. За збор се јавија многумина од присутните и се разви многу добра атмосфера. Како еден од првите учители во Македонија, нашиот постар член Ристо Георгиев, во својата дискусија поопширно ни го изнесе своето искуство. Неговата кратка биографија е објавена во книгата - монографија "Учителски искри".

Иако ова предавања не беше предвидено во овогодишната програма, тоа беше успешно реализирано, при што предизвика и интерес во медиумите. Дружењето продолжи со прием реализиран од членарините на МКД "Билјана".

М.М.

Задар

# СО ШЕТАЊЕ И ВЕЛОСИПЕД ДО ЗДРАВЈЕ

Во неделата на 22 мај годинава, во организација на Задарското друштво на дијабетичари, Едриличарскиот клуб "Ускок" и МКД "Билјана" од Задар, беше организирана акцијата "Со шетање и велосипед до здравје". Поаѓањето беше од задарскиот градски мост, а цел – едриличарскиот центар "Ускок". По доаѓањето на целта, на учесниците им се мереше нивото на шеќерот во крвта и крвниот притисок. Потоа, дружењето продолжи со освежителни пијалоци и слатка закуска.

Покровител на оваа заедничка акција беше градот Задар.

М.М.

Пула

# ПОТПИС ВРЗ ЖЕЛБИТЕ

Желбите на членовите на Советот на Македонското национално малцинство на град Пула, по одржаното прво собрание на Поглаварството, неодамна им се оствариja. Имено, донесена е одлука да им се додели одамна посакуваниот и службено бараниот работен простор од 77,82 м² во "Максимилијанова" улица број 23, кој можат да го користат 10 години без надомест.

Така, председателката на Советот на македонското национално малцинство во град Пула, д-р Олга Ангеловска, на 8 јуни 2005 година во просториите на стручните служби на Град Пула го потпиша договорот и желбите на сите се оствариja. Новиот простор е речиси излог на нашата татковина Македонија и се наоѓа на најубавото и најатрактивното место во градот - веднаш зад црквата "Св Марија Формоза", христијанска базилика од 13. век. Според својот изглед и за ова подрачје невообичаената архитектура - како архитектурата на црквите Св. Наум или Св. Јован Канео во Македонија, неоправдано порано ја викаа "Пагански храм".

На нашето прашање: "Што сега претседателке?", Ангеловска подготвено одговори: "Засилена и организирана работа на уредување, опремување и организирање на активностите во дадениве услови и свечено отворање, ако даде Господ, на Илинден годинава."

Р.Д.

Пула

# 10 ГОДИНИ НА МКД "КОЧО РАЦИН"

Речиси традиционално, пријатно и над сè пријателско дружење по повод 10 години организирање на МКД "Кочо Рацин" од Пула, беше одржано на 19 јуни 2005 година во куќата на председателката на Надзорниот одбор, г-ѓата Бенита Гошева или, како што сите ја нарекуваме, најмакедонската Истријанка. Бенита, која е вдовица на пред две години починатиот голем хуманист, музичар и музички педагог и андрагог, основач и водител на составот "Македонски чалгии", Часлав Гошев, нè дочека убаво, домаќински со отворено срце, зад полна софра.

Овој пат се собравме неколкумина од онаа прва постава на втемелувачите на друштвото, почестени од



председателката на МКД "Кочо Рацин" и Заедницата на Македонците во Република Хрватска, г-ѓа Славица Сагадин, како и од нашите членови. Тоа беше прилика да се потсетиме на еден мошне успешен пат на кој успеавме да го дефинирама своето место во општествениот живот во градот, жупанијата, Република Хрватска и да ги воспоставиме пријателските врски со соодветните друштва во Европа. Во тој изминат период се редеа настапи на пеачката група "Ленка" и "Македонски чалгии", а подоцна и играорната група "Мугри". По овој официјален дел, ни пристигнаа пријателите и гостите од МКД "Македонија" од Љубљана, предводени од инж. Дарко Шарац, па го продолживме дружењето до доцна во ноќта.

Исūра

# ЛИКОВНА КОЛОНИЈА "ПЕРОЈ 2005"

По месец дена заедничка работа и дружење, во галеријата "Шарац" во Перој на 18 јуни 2005 год. отворена е изложба на ликовните остварувања на 12 академски сликари, графичари, литографи и карикатуристи. Од нив 10 се по потекло од Република Македонија, а сега живеат во Република Словенија и членови се на МКД "Македонија" од Љубљана, кое во соработка со Градското поглаварство на Водњан, месното население од Перој и МКД "Кочо Рацин" од Пула, го оствари овој спектакуларен облик на дружење.

Домаќините на колонијата, инж. Дарко Шарац и неговата сопруга д-р Елена Шарац, сликарка родена во Скопје, ја осмислија завршната свеченост на колонијата со отворање на изложба во нивната куќа и во водњанската галерија.

Учесници на колонијата и ликовната изложба, освен домаќините, беа академските сликари: Тодорче Атанасов, роден во Свети Николе а сега познат ликовен уметник во Љубљана, Драга Ерич Давидкова од Кочани, Боге Димовски роден во Ростопо, Р. Македонија, Миро Довц, познат словенечки ликовен уметник, Изидор Јаловец, познат словенечки сликар и графичар, Ирена Јерас Димовска, родена во Крањ, Р. Словенија, Димитар Малиданов, професор на Ликовна академија, сликар, графичар и литограф роден во Саракиново, Егејска Македонија, Емилија Солева Вердјан од Велес, Р. Македонија, Анита Шефер, сликарка од Битола, а како гостин на колонијата своите слики на стакло и осликани употребни стаклени предмети ги изложи Виолета Јуван од МКД " Кочо Рацин " во Пула.

Вовед во свеченото отворање даде домаќинот Шарац, поздравувајќи ги присутните, по што Емилија Солева Вердјан даде вкупен преглед на изложените педесетина експонати - разновидни ликовни остварувања во повеќе техники, изрази, начини, облици и стилови, кои според својата убавина и ненаметливост се одликуваат со лежерност, отпуштеност и нагласен одмор од секојдневието, како што всушност беше и престојот во колонијата на преубавиот брег на Перој и Барбарига, кои со брионските острови создаваат национален парк во овој дел на Истарската ривиера.

По свеченото отворање на изложбата, во официјалниот дел на културната програма настапија друштвото на Перојските Црногорци "Перој 1657" и Пеачката група "Ленка", придружувана од "Македонските чалгии" на МКД "Кочо Рацин" од Пула. По официјалниот дел, сите заеднички ги најдоа оние за душа преубави народни песни, забавни мелодии и евергрини, со кои дружењето траеше до доцните вечерни часови.

Р.Д.

Нова книūа

# "Matoševa zvona" na Venko Andonovski




Во текот на јуни годинава во Хрватска од печат се појави книгата "Матошевите ѕвона" на Венко Андоновски. Овој обемен теоретски труд на хрватски јазик го објави "Матица Хрватска" во својата Библиотека на странски кроатисти, а преводот го потпишува д-р Борислав Павловски.

Еве што во предговорот на оваа книга пишува авторот:

- Rasprava između korica ove knjige, koju povjeravamo čitatelju, moja je magistarska teza iz područja teorije književnosti. Dobrim je dijelom i monografija o istaknutom hrvatskom simbolistu Antunu Gustavu Matošu. Njegov je opus (pjesnički i prozni) poslužio kao cjelovita analitička građa za oblikovanje teorijskog modela simbolističkih konfiguracija u poetskom tekstu.

Со препораката да ја прочитате оваа книга напоменуваме дека обемниот книжевен опус на Венко Андоновски, кој е закитен со многу домашни и странски награди, во текот на оваа 2005 година ќе биде збогатен и со хрватското издание на неговиот роман "Папокот на светот", кој ќе го издаде загрепската "Алфа".

М.А.В.

Сūорш

# СКОПСКИТЕ РАКОМЕТАРИ ВО ЗАГРЕБ

Во рамките на Европската ракометна лига ЕХФ, на 10 април 2005 година во Загреб се одржа вториот натпревар од полуфиналето на Купот на куповите помеѓу РК "Загреб" и РК "Вардар - Ватростална" од Скопје. Скопските ракометари беа оптимистички расположени, бидејќи имаа два гола предност од првиот натпревар. Пред натпреварот поразговаравме со раководителите на клубот Михајло Михајловски и Владо Михајловски, а тие изразија благодарност за приемот во Загреб и изрекоа пофалби за ракометарите на "Загреб" кои имаат остварено голем спортски успех и во Европа.

Но натпреварот покажа дека ракометарите на "Загреб" беа подобро подготвени, а скопските ракометари индиспонирани за игра. Тоа се покажа и со резултатот: ракометарите на "Загреб" победија со осум голови разлика и влегоа во финалето. Најдобриот скопски ракометар Иван Марковски по натпреварот кратко изјави дека "Загреб" заслужено ја оствари победата.

М.П.

Во Загреб промовирана книгата на г. Киро Глигоров

# "ВИОРНИ ВРЕМИЊА / РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - РЕАЛНОСТ НА БАЛКАНОТ"

*Во организација на Заедницата на Македонците во Република Хрватска во Загреб претстојуваше првиот претседател на Република Македонија, господинот Киро Глигоров. По тој повод во Домот на Хрватското новинарско друштво на 7 мај 2005 година е претставена неговата нова книга "Виорни времиња / Република Македонија - реалност на Балканот".*




Овај културен настан, кој предизвика големо интересирање во Загреб, го водеше Костадинка Велковска. Таа најнапред му посака добредојде на Глигоров и му се заблагодари за посетата. Потоа, во името на Заедницата на Македонците ги поздрави гостите - амбасадорот Махи Несими, отецот Кирко Велински, Анастас Оџаклиески и професорите доктори Славко Кулиќ, Љубо Јурчиќ, Борислав Павловски, Драгомир Војниќ, Горан Калоѓера и другите присутни гости.

Славица Сагадин, претседателка на Заедницата на Македонците, потоа им се обрати на присутните и рече: "U svoje i u ime Zajednice pozdravljam dragog nam gosta, prvog predsjednika Republike Makedonije, Kiru Gligorova i sve vas prisutne. Ovdje su članovi naše Zajednice iz cijele Hrvatske od istoka do zapada. Ne smijemo zaboraviti tko nam omogućuje da očuvamo svoj identitet, kulturu, jezik i naše nacionalno bogatstvo, jer nažalost, manjine u susjednim zemljama nemaju tolike moguænosti. Naše su manifestacije bogate i one predstavljaju Makedoniju u malom. Zahvaljujem se Kiri Gligorovu koji nam je omoguæio predstavljanje ove knjige koja će nas na tren vratiti u našu matičnu domovinu Makedoniju i želim mu puno sreće i ugodan boravak u našoj sredini."

Во продолжение на програмата, професорот Горан Калоѓера, надворешен член на Македонската академија на науките и уметностите, говореше за најновата книга на г. Глигоров. При тоа тој рече:

"Knjiga Kire Gligorova "Makedonija je sve što imamo", pomogla mi je kao recenzentu i makedonistu da upoznam ljudski profil senzibilnog intelektualca kojeg je sudbina pripremila za ulogu podarenu mu u povijesti njegovog makedonskog naroda. Iščitavanjem ove knjige mogao sam prići analizi njegovih političkih govora koji su sadržani u njegovoj najnovijoj knjizi s naslovom "Viorni vreminja, Republika Makedonija - realnost na Balkanot". Ona se sastoji od nekoliko tematskih cjelina, tj. poglavlja i to ovim redom:

U prvom poglavlju s naslovom Republika Makedonija - realnost na Balkanu, nalaze se govori Kire Gligorova održani u Sobranju Republike Makedonije u razdoblju od 1991 do 1999 god., za vrijeme trajanja njegova dva mandata na funkciji predsjednika Makedonije. Drugo poglavlje - Trnovit put do međunarodnog priznanja Republike Makedonije - sadrži govore koje je Gligorov održao u Ujedinjenim nacijama, a odnose se na jugoslavensku krizu i učlanjivanje Makedonije u UN, europske i euroatlanske organizacije. Treće poglavlje ove knjige - Viđenje Republike Makedonije u kontekstu svjetskih meridijana - nalaze se tekstovi predsjednikovih istupanja na svjetskim simpozijima, raznim parlamentima, sveučilištima, znanstvenim i političkim institucijama. U njima Gligorov analizira i tumači političke prilike na Balkanu s posebnim osvrtom na problem međunarodnog priznavanja Makedonije. Poglavlje naslovljeno - Makedonski prosvjetiteljski milenij - obuhvaæa govore Kire Gligorova na sveučilištima "Sveti Kiril i Metodij" u Skopju i "Sveti Kliment Ohridski" u Bitoli i one održane i Makedonskoj akademiji nauka i umjetnosti. U petom poglavlju - Ljubav prema svojoj zemlji i svom narodu jača je od mača porobljivača - predstavljeni su govori Kire Gligorova prigodom velikih makedonskih povijesnih događaja: Ilindenskog ustanka, Prvog zasjedanja ASNOM-a, godišnjice ustanka makedonskog naroda 1941. godine i pedesetogodišnjice pobjede nad fašizmom. U posljednjem, završnom poglavlju s naslovom - Politički dijalog - temeljno sredstvo za rješavanje problema u međunarodnim odnosima - Gligorov nam predstavlja svoje govore povodom petogodišnjice proglašavanja neovisnosti Makedonije i susreta s djecom, izbjeglicama iz Egejske Makedonije."

Потоа, Калоѓера рече:

"Kao povjesničar književnosti i čovjek koji se 25 godina bavi makedonskom kulturom, poviješću i jezikom, ove govore

## U Zagrebu promovirana knjiga g. Kire Gligorova





ocjenjujem izuzetno važnim, jer je u njima iznesena politička platforma Kire Gligorova kao vodećeg političara Makedonije, koja se pri raspadu bivše Jugoslavije našla u vrlo teškoj situaciji. Makedonski i drugi narodi koji žive na njezinom teritoriju tražili su svojom slobodnom voljom da i Makedonija traži svoju budućnost kao samostalna i neovisna država. Međutim, tada se diljem Hrvatske i Bosne i Hercegovine ginulo zbog agresije Miloševićevih poslušnika. Za Makedoniju su se tada probudili stari, pedesetak godina zaspali demoni prošlosti, koji su opet zaprijetili nastanku mlade države. Situaciju u Makedoniji otežavali su stari nesporazumi s Bugarskom i nepriznavanje imena države Makedonije od strane Grčke. U tim dramatičnim trenucima, Gligorov, kao jedan od najstarijih i najiskusnijih političara, mudro vodi Makedoniju i uspijeva je osamostaliti bez kapi prolivene krvi. Iz njegovih se govora tada naziru temelji promišljene politike, ideje, rješenja i prijedlozi kojih se pridržava i uporno ih ponavlja bez obzira govorio o tome u Makedoniji ili izvan nje. Kiro Gligorov tada nastupa kao predsjednik svih građana Makedonije, smatrajući da na temeljima vjerske, nacionalne i političke tolerancije Makedonija može opstati, stvoriti demokratsko društvo i razvijati se bez straha od prolijevanja krvi."

Бидејќи оваа книга сега се претставува во главниот град на Хрватска, професор Калоѓера посебно се осврна на говорот на Киро Глигоров во Саборот во 1996 година и, меѓу другото, рече:

"Tom je prilikom predsjednik Gligorov istaknuo kamene mešanje naše ljudske, kulturne, antifafističke suradnje, posebno naglašavajuæi naše vjekovne i tradicionalne vrlo dobre odnose. Podsjetio je na donaciju biskupa Josipa Jurja Štrosmayera, kojom je tiskan Zbornik braće Miladinov i zbirke "Beli mugri" Koče Racina u Samoboru. Podsjetio je sve na velik udio Hrvata u izgradnji Skopskog sveučilišta i drugih makedonskih institucija", za na krajot da završi so zborovite:

"Knjiga Kire Gligorova "Olujna vremena" sigurno će biti štivo i literatura svakom ozbiljnijem analitičaru političkih prilika na Balkanu koncem 20. stoljeća. Ona je ujedno i politički profil državnika koji se nije libio pred svjetskim moćnicima govoriti istinu o svojoj Makedoniji. Zato je i napisao - "Da budemo svoji na svojem, da budemo široko otvoreni prema svijetu kao cjelovit, neovisan i ravnopravan subjekt. Sada na kraju moga mandata mogu mirno reći da sam ja taj zavjet pred Makedonijom i ispunio."

Професорот д-р Драгомир Војниќ, член соработник на ХАЗУ и научен советник на Економскиот институт во Загреб, изрази задоволство што учествува во претставувањето на книгата на својот пријател и соработник Киро Глигоров. Тој истакна дека Глигоров даде голем допринос во вкупните настани на овие простори во текот на годините на нашиот турбулентен општествено-економски развој во чие средиште беше реформата, економијата и политиката на транзицијата. Цели низ години тој беше истакнат идеолог, иницијатор и организатор на тие реформски настани на овие простори. Како единствена појава кај нас тој има квалитети на научник, политичар и државник. Освен што имаше знаење и идејно политичко определение тој имаше и визија за тие настани во кои ќе се води битка за местото и улогата на меѓународниот пазар, говореше д-р Војниќ.

Костадинка Велковска потоа ги прочита познатите говори на Киро Глигоров одржани во Собранието на Република Македонија по повод неговиот прв избор за претседател во 1991 г. и при преземањето на вториот мандат кон крајот на 1999 г.

Претседателот Киро Глигоров се обрати кон присутните и рече:

"Драги пријатели, денеска сум возбуден затоа што го чувствувам ова претставување на мојата книга како најуспешно и искрено, затоа што сум со моите сонародници и други хрватски пријатели, и ќе го носам како спомен за сегогаш. Во сите мои настапи додека бев претседател на државата, се обидов, најсовесно и најдобро што знаев и умеев, да ги упатам моите пораки и насоки за иднината на самостојна и суверена Република Македонија до нејзините граѓани и до меѓународната јавност. Преку тие пораки, се обидов да придонесам за сочувување на вербата кај нашиот народ и тогаш кога другите нè оспоруваа или негираа, кога ни се заканувaa со санкции и со меѓународна изолација.

Се обидов да ѝ покажам на меѓународната јавност кои сме и што сме, дека оваа, иако мала Македонија, има народ со големо срце, народ кој за прв пат од Самуила наваму го остварува сонот на своите предци за сопствена држава и дека тој заслужува да биде признат и интегриран во големото меѓународно семејство.

Чувствував обврска, бидејќи бев во виорните времиња во Македонија девет години претседател, да оставам трага за она што сум го доживувал, за што сум се борел, за да знаат новите генерации низ какви премрежија се минуваше. Во последното мое обраќање пред пратениците во Парламентот на Република Македонија во 1999 година реков: 'Направив онолку колку што можев и знаев, а на историјата ѝ останува да го оцени тоа.'

Ви благодарам на вниманието."

На крајот претседателот Киро Глигоров беше поздравен со долготраен аплауз од присутните во преполната сала на ХНД во Загреб.

Марко Паризоски

Книгата на г. Киро Глигоров "Виорни времиња/ Република Македонија - реалност на Балканот" на 29 јуни годинава беше промовирана и во Риека, за што ќе информираме во следниот број на "Македонски глас".

# "МАЛЦИНСТВАТА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА, ИСКУСТВА И ПЕРСПЕКТИВИ"

Во организација на Координацијата на националните малцинства и Советот на македонското национално малцинство за град Загреб, на 6 мај 2005 година во Новинарскиот дом се одржа прва од планираните трибини.

Гостин беше првиот претседател на Република Македонија Киро Глигоров, кој говореше на тема: "Малцинствата во југоисточна Европа, искуства и перспективи".

Трибината ја отвори Сања Зоричиќ - Табаковиќ која ги поздрави гостите, меѓу кои Синиша Таталовиќ, советник на претседателот Стјепан Месиќ, Александар Толнауер, претседател на Советот за национални малцинства, проф. Иво Јосиповиќ од СДП, членовите на дипломатскиот кор, како и сите присутни. Таа рече: "Današnji gost je Kiro Gligorov, čovjek koji je obilježio jedno dugo i važno razdoblje naše zajedničke prošlosti, a zatim postao prvi predsjednik Makedonije, čovjek koji je imao neizbrisiv trag i neusporedivo važnu ulogu u povijesti Makedonije."

Анастас Оџаклиески, потпретседател на Координацијата и претседател на Советот, го поздрави претседателот Глигоров и неговите соработници, се заблагодари на одѕивот и рече: "Naš gost je prošao svoj politički i privatni život kroz prošlo stoljeće o čemu će govoriti povijest. Gospodin Gligorov će nam govoriti o događajima od 1990. do danas i o perspektivama nacionalnih manjina sutra u Europi. Gospodine pretsedatele, Ve molam da ja otvorite ovaa tribina."

Киро Глигоров расположено и возбудено ги поздрави присутните и изрази задоволство што се наоѓа меѓу своите пријатели со кои долго соработувал. Ви пренесуваме неколку акценти од неговото предавање.

"Poštujem borbu hrvatskog naroda za vlastiti jezik. Bilo je pokušaja da se taj jezik zove jugoslavenski, srpskohrvatski itd. Zahvaljujem organizatoru koji me pozvao da govorim o nacionalnim manjinama, temi koja danas preokupira Europu i cijeli svijet. O tome se treba najozbiljnije razmišljati i djelovati. Ja ću iznijeti svoja viđenja o problemima i političkim gledištima rješavanja prava manjina u jugoistočnoj Europi. Posebno bih istaknuo situaciju na tom planu u multietničkoj Republici Makedoniji poslije potpisivanja Ohridskog dogovora. Cijenim što je Vijeće makedonske nacionalne manjine grada Zagreba organiziralo ovu tribinu i to je dobra prilika da se o tome otvoreno porazgovara i analiziraju vlastita i iskustva drugih zemalja. To je sve u funkciji produbljivanja povjerenja i razumijevanja između različitih etničkih skupina, što za svaku zemlju u ovoj regiji predstavlja glavni preduvjet unutarnje stabilnosti i mjerilo demokratičnosti te zemlje. Iako su prava nacionalnih manjina obra□ivana u mnogim pravnim i političkim međunarodnim i bilateralnim dokumentima, ona još uvijek prouzrokuju probleme u međudržavnim odnosima u izmijenjenim međunarodnim relacijama. Pri tome, jedan od ključnih problema je taj kako treba gledati na manjinska prava, jesu li ona individualna ili kolektivna prava. Ako se ona smatraju pojedinačnim pravima to podrazumijeva i pravo jedne manjine na odgovarajuæe artikuliranje njezinog identiteta. U dokumentima Vijeća Europe prevladava koncept pojedinačnih prava i princip suvereniteta koji se primjenjuje u svim demokratskim europskim zemljama. Na osnovi



osobnog iskustva iznijet æu svoj stav imajući u vidu da pripadam narodu koji je u povijesti uložio mnogo energije, čak i rtava, da bi bio priznat kao zaseban narod i stvorio svoju nacionalnu državu. Posljednja prava država makedonskog naroda bila je prije deset stoljeća pod carem Samuilom.

U zemljama jugoistočne Europe koegzistiraju zajednice građana koje posjeduju etničke, vjerske i kulturne razlike. Tijekom 19. i 20. stoljeća na ovim prostorima formirale su se vlastite nacionalne države, a neke poslije raspada bivše Jugoslavije. U tom procesu, u etnički regiji nema države bez manjina. Svi narodi imali su povijesnu sudbinu da žive podijeljeni u više država. Današnja Makedonija je 38 % od geografske Makedonije i naše nacionalne manjine žive u Grčkoj, Bugarskoj, Srbiji i Albaniji. To ukazuje i na stvarnu potrebu da se u svakoj državi razumije istinska vrijednost ljudskih prava i prava manjina.

Iako su prava nacionalnih manjina poboljšana, cijenim da još uvijek na ovim prostorima jedan od glavnih problema jest taj, što se na manjine gleda kao na čimbenik unutarnjih sukoba, prijetnja većini, pa čak i integritetu države, a ne kao na most suradnje s matičnim zemljama tih manjina i unapređivanje uljudbenih vrijednosti i pogodnosti i njegovanje pozitivne tradicije.

U Makedoniji do 2001. godine nije bilo rata između Makedonaca i manjina i to je vrijednost po sebi i povijesna tekovina. Ovo je vjerojatno posljedica prisutnosti povijesnih predrasuda nacionalističkih strasti i ideja o golemim državama koje nikad nisu realizirane. Takve su ideje neodržive, osobito sada u novim uvjetima življenja, kada međunarodna zajednica provodi politiku učinkovite jednakosti svih ljudskih bića i njihovih prava, pa i prava manjina. Ja sam obišao mnogo gradova u Hrvatskoj gdje žive Makedonci, oni imaju sve mogućnosti svog razvoja. To je krupan prilog bratskim osjeæajima i međusobnom razumijevanjem.

Međunarodna zajednica igra vrlo važnu ulogu u tranzicijskom procesu koji se odvija u jugoistočnoj Europi. Ona traži od zemalja da ispune ključne pretpostavke u procesu ispunjavanja prava manjina. Ne smije se negirati postojanje manjina. Najekstremni negativan primjer nepriznavanja manjina je nažalost Grčka, članica Europske unije i NATO-a. Oni kažu da svi koji žive u njoj su Grci, a i Turci koji su muslimanske vjere.

U kontekstu provođenja usvojenih Zakonskih rješenja za nacionalne manjine, od posebne je važnosti i stvaranje atmosfere i spremnosti većinske zajednice da provodi zacrtana zakonska rješenja i osigurava prava manjina u praksi. Isto tako potrebna je spremnost manjinskih zajednica ne samo da koriste prava već da imaju odgovornost prema zajednici i državi u kojoj žive. Nužno je integriranje manjine u društveni život i veće uključivanje u proces odlučivanja.

Prava nacionalnih manjina nisu jednaka u svim državama jugoistočne Europe. Ali i u okviru Europske unije nema izjednačenog stava oko manjinskih prava. Postoje dvije teze. Frankofonska govori da centralizirana država treba dati prostor manjinama da njeguju svoju posebnost na regionalnoj i lokalnoj razini. Druga teza govori da manjine trebaju dobiti sva prava na svim razinama da bi se osjeæali da žive u vlastitoj državi.

U bivšoj Jugoslaviji, kao višenacionalnoj i višeetničkoj državi, manjinsko pitanje je bilo riješeno Ustavom. Raspadom federacije i stvaranjem novih država to se pitanje ponovno aktualiziralo. Prijelazom na višestranački sustav formiraju se društvene skupine po političkoj, ali i po nacionalnoj i vjerskoj pripadnosti ali ne i na bazi različitih interesa. To je pridonijelo tome da se manjinska pitanja tretiraju, ne samo kao pitanja ljudskih prava, već i kao sigurnosna pitanja.

Makedonija kao država osjetila je te posljedice. Kod etničkih Albanaca kombinacija čimbenika brojnosti i teritorijalne koncentracije stvorila je pojavu separatizma i iredentizma, što je kod većinskog naroda shvaæeno kao sigurnosno pitanje. U zapadnom dijelu Makedonije obnovila se netrpeljivost i mržnja.

Osamostaljenjem Makedonija se zabavila neophodnim demokratskim pravno-političkim i privrednim reformama. Obuzeta je bila nastojanjima da se etablira na međunarodnom planu, da bi stekla međunarodni kredibilitet i ispunila kriterije za članstvo u međunarodnim organizacijama. Makedonija je prihvatila sve međunarodne standarde i unijela ih u svoje zakonodavstvo. Kao članica Ujedinjenih naroda dala je potporu globalnoj politici i osigurala je jednakost pripadnicima nacionalnih manjina. Prihvatili smo sve relevantne dokumente Organizacije za suradnju i sigurnost u Europi. Ustavom naše države definirana su prava manjina. U njihovom provođenju učinjeni su brojni napreci, ali i propusti jer su za povođenje tih delikatnih pitanja potrebni uvjeti i vrijeme. Primjer pozitivnih odnosa je taj da u svakoj vladi ima etničkih Albanaca. Manjine imaju svoje političke stranke, Albanci 3, Turci 2, Romi 2 i Vlasi 2. Ne mislim da je to baš najbolje jer se time mogu ljudi poticati na odražena nezadovoljstva i traženje kolektivnih prava. Manjine imaju svoje medije, obrazovne, znanstvene i sportske ustanove kao i široki spektar prava za njegovanje njihovog kulturnog identiteta.



Nikada nismo ratovali s Albancima. U Drugom svjetskom ratu imali smo zajedničke brigade. Međutim, 2001. godine dogodio se međuetnički konflikt koji je poprimio razmjere oružane borbe. Etnički Albanci zatražili su veći utjecaj u družtvu, u unutarnjoj i vanjskoj politici. Izrazili su nezadovoljstvo i zatražili kolektivna prava. Sukob je razriješen potpisivanjem Ohridskog dogovora čije su odredbe kasnije pretočene u Ustav, tako da obvezuju svakog građanina Makedonije. To je stabiliziralo zemlju. Tim se odredbama osigurava i viši stupanj prava manjina u Makedoniji od onih koji se primjenjuju u drugim demokratskim zemljama.

Ohridski dogovor može poslužiti kao model osiguranja prava nacionalnim manjinama u jugoistočnoj Europi. Moram reći da jedan dio Makedonaca nije zadovoljan tim dogovorom, ali mi moramo živjeti zajedno jer je kompromis u približavanju sastavni dio demokracije. Tim dogovorom postignuta su poboljšanja: upotreba materinjeg jezika za manjinu veæu od 20% pučanstva, a to su Albanci, pravo na osobna dokumenta na pismo i jezik manjine, korištenje nacionalnih simbola, jednak status svih vjerskih zajednica i dr.

Zahvaljujem na velikoj pažnji koju sam osjetio, govorio sam onako kako mislim i drago mi je što sam to mogao kazati ovdje u hrvatskoj sredini."

Марко Паризоски

X ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО ИСТРА

X. DANI MAKEDONSKE KULTURE U ISTRI

# ПРОГРАМА ДОСТОЈНА НА ЈУБИЛЕЈОТ

*Три дена Македонците од Пула и Хрватска ги презентираа своите најнови културни достигнувања, кои беа радост како за припадниците на ова национално малцинство, така и за другите граѓани на ова наше крајбрежје*

Од 19 до 21 мај годинава Македонското културно друштво "Кочо Рацин" во Пула ги организираше јубилејните Десети денови на македонската култура. Оваа манифестација веќе десет години се смета за една од најголемите културни настани во градот и предизвикува голем интерес не само кај припадниците на македонското национално малцинатво на овој дел на крајбрежјето, туку и кај другите граѓани на Пула и Истра. Веруваме дека ваквиот интерес се постигна со атрактивната програмска ориентација - гостување на многумина значајни автори, теоретичари на книжевноста, претставници на ликовната и сценската уметност, како и гостување на Кинотеката на Македонија.

Оваа година организаторот на своите членови им ја нагласи потребата за штедлив пристап, бидејќи ангажирањето на учесниците од Македонија оптоварува со големи трошоци. Притоа, треба да се истакне долгогодишната соработка на МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек, чии членови зедоа учество во овогодишната програма.

На јубилејните Денови на македонската култура во Истра посебни гости беа: г-ѓа Вера Наумова, советник во Амбасадата на Република Македонија во Р. Х. и г. Фабризио Радин, претседател на Заедницата на Италијаните и раководител на жупаниското управно одделение на Италијанската национална заедница и останатите етнички групи во Истарска жупанија.

Во аулата на "Нова Банка" д.д. во "Далматинова Улица" бр. 2 во Пула, манифестацијата ја отвори претседателката на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и претседателката на МКД "Кочо Рацин" во Пула, г-ѓа Славица Сагадин. Истовремено таа ја отвори и ликовната изложба на која беа претставени ликовните остварувања во мешана техника, темпера и акварелна г-ѓа Виолета Јуван и остварувањата во *петчворк* техника на г-ѓа Тања Водник, член на здружението на ликовните уметници УЛИКС од Пула. Авторките ги претстави Соња Грегл.

## ПРОМОЦИЈА

Истиот ден во Стопанската комора на Истра со почеток во 19 часот, се одржа промоцијата на книгата "Танго" на Марина Апостоловска Вујаклија. Промотор на ова дело беше професорот д-р Борислав Павловски. Одејќи по трагите на преседани во пишувањето на мали раскази во Америка, Европа и Македонија,овој врвен книжевен теоретичар преку систематизација на делото ја спореди Апостоловска –Вујаклија со американските





автори и нивните дела, кои пишуваат кусо, но концизно. Притоа тој истакна низа познати имиња на светската литература, за да заклучи дека Апостоловска -Вујаклија најповеќе прилега самата на себе си. Вториот промотор на ова дело беше авторот на овој текст, Ратко Димовски, кој меѓу другото рече: "Поврзаноста на содржината со насловот толку е голема, што вкупниот карусел на "Танго" на секој расказ му дава своја мелодија, а сè потоа се преточува во чуствителен и пријатен акорд." Одломки од оваа книга на хрватски јазик читаше професионалниот спикер на Хрватското радио, Вјекослав Мадуниќ, а авторката на македонски го прочита расказот "Танго".

Овој свечен собир беше искористен за доделување на плакетите на X Денови на македонската култура во Истра, кои ги добија Бенита Гошева, една од основачите и иницијаторите на МКД "Кочо Рацин" во Пула, и професорот д-р Борислав Павловски, за долгогодишна верна соработка со ова друштво.

Следниот ден манифестацијата продолжи со Поетска вечер, која започна со Крлежа. Судбинска и животна предодреденост влијаеше врз животот на еден од најголемите хрватски писатели, Мирослав Крлежа, кој дел од својот век мина во Македонија, за која секогаш имаше убави и избрани зборови, како за една убава и мината младост. Токму на тоа ме подсети предавањето на професорот д-р Огнен Бојаџиски. "Неизоставно навираат сеќавањата на Лауреатот на Струшките вечери на поезијата, кога таа дамнешна августовска вечер го прими големото признание. Беше една тешка и крвава војна која го донесе во Македонија, по што следуваше цела низа повоени околности, па љубовта кон овој крај и народ, кон саканата избраница на срцето, и сето тоа со испреплетени и поврзани емоции се вметнуваше во бројните писма што ги испраќал од овој крај", рече меѓу другото Бојаџиски, навестувајќи го скорешното излегување на неговата книга "Крлежа и Македонија".

По ова интересно предавање почна Книжевно-поетската вечер, на која стиховите на отсутната Љиљана Димова Петернел од Загреб ги читаше Сашка Јанева, а во програмата зедоа учество и Ратко Димовски - МКД Пула, Душанка Поповска Јурковиќ - МКД Осијек, Виолета Јуван - МКД Пула и Ивона Дуноски – МКД Риека. Настапот на книжевникот Џакомо Скоти, омилен член на МКД од Риека познат по своите успешни препеви на македонската поезија на италијански јазик, присутните ги воодушеви со својата интерпретација на песната "Т'га за југ" преведена на италијански. Оваа интересна и возбудлива поетска вечер ја водеше Сашка Јаневска, а во текот на приредбата настапи вокалната група "Ленка" и инструменталниот состав "Македонски чалгии".

По официјалниот дел на програмата дружењето во пријатна атмосфера продолжи во просториите на МКД "Кочо Рацин", каде со своите интерпретации на хармоника атмоферата ја "запали" Слава Обрановиќ. Нејзиниот внимателен и ненаметлив начин на музицирање во себе криеше голема љубов кон инструментот, талент и музикалност, па репертоарот сам по себе се наметнуваше подигајќи го расположението во оваа убава вечер.

## КОНЦЕРТНА ВЕЧЕР

Завршниот дел од тродневната манифестација - X Денови на македонската култура во Истра, се одржа во концертната сала на Домот на бранителите во Пула. Програмата ја водеше Игор Николов од МКД Пула, а настапија вокалната група "Ленка", музичкиот состав "Македонските чалгии", детската група "Ѕвездички" и фолклорната група "Мугри" од МКД Пула, вокалната група "Вардарки" и детската група" Мал танец" од Осиек.

По повод јубилејот, беше врачен пригоден подарок на пријателското МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек, а на претседателката на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и на МКД "Кочо Рацин", г-ѓа Славица Сагадин, ѝ беше врачена плакета на Деновите на македонската култура во Истра. Од своја страна, најмалите членови ѝ се заблагодарија на "тетка Славица" со еден букет цвеќе. Веруваме дека тоа ѝ беше само дел од големото задоволство што го подели со сите нас, а сите ние заедно бевме пријатно изненадени со новата програмска орјентација на "Ѕвездичките", кои таа вечер се претставија со виолинскиот солистички настап на Мануела Златкова од Каштелир, пиано изведбата на Михаела Златеска и нејзината сестра Маринела на флејта, како и клавирската изведба на Александра Проданова0.

По оваа Концертна вечер дружењето продолжи до раните утрински часови, кога гостите отпатуваа за Загреб, Осиек и Риека. Во текот на овие културни средби, беше забележано и присуството на нашите пријатели, Македонците од Минхен и Љубљана.

Ратко Димовски






Во Осиек и Ѓаково по осми пат одржани

U Osijeku i Đakovu po osmi put održani

# ДЕНОВИ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ



И годинава по осми пат во Осиек и Ѓаково, а во организација на Заедницата на Македонците во РХ и МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек, беа одржани Деновите на браќата Миладиновци. Поводот на овогодишната манифестација беше стогодишнината од смртта и стодеведесетгодишнината од раѓањето на хрватскиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер, кој, меѓу другите добри дела, го отпечати Зборникот на Димитрије и Константин Миладиновци.

Во присуство на голем број гости, Деновите започнаа во Осиек на 3 јуни со промоција на книгата "Осврти" на проф. д-р Горан Калоѓера. Калоѓера најанпред одржа воведен збор за животот и делото на J.J. Штросмаер и браќата Миладиновци, а потоа проф. д- р Борис Павловски од Загреб ја промовира книгата "Осврти". Промоцијата беше збогатена со учество на пеачката група "Вардарки", како и со интерпретацијата на песни од браќата Миладиновци, кои ги рецитираше Душанка Поповска-Јурковиќ.

Вториот ден манифестацијата се "пресели" во Ѓаково и тоа со традиционалните содржини: прием кај градоначалникот на Ѓаково, господин Зоран Винковиќ, посета на спомен музејот на Штросмаер, полагање венци на гробот на бискупот во ѓаковачката катедрала, како и полагање цвеќе на споменикот на загинатите бранители на Ѓаковштината.



*За голем број Македонци и нивните хрватски сограѓани Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци" од Осиек и годинава подготви богата културна програма*

На приемот кај градоначалникот, освен членовите на управниот одбор на Македонското културно друштво "Браќа Миладиновци", беа присутни и гостите на манифестацијата - проф. д-р Горан Калоѓера, проф. д-р Борис Павловски, како и македонскиот свештеник Кирко Велински со сопругата. Средбата мина во пријатна и пријателска атмосфера, при што беше даден предлог за спријателување на градовите Струга и Ѓаково.

Истиот ден, во 12,30 часот, во Градската библиотека и читална на ѓаковската публика ѝ беше претставена книгата "Осврти" на проф. д-р Горан Калоѓера од Риека, која, исто како и во Осиек, ја промовираше проф. д-р Борис Павловски од Загреб. Потоа, осврт за животот и делата на Јосип Јурај Штросмаер и браќата Миладиновци даде професорот по историја и компаративна книжевност, Владо Филиќ, кој зборуваше за врската помеѓу бискупот и браќата Димитрије и Константин Миладинови. Професорот потоа зборуваше за Штросмаеровите почетоци како бискуп и како еден од бројните мецени кој ја следеше основната мисла на романтизмот, а притоа рече дека "јазикот е дом во кој живее духот на народот".

Во музичкиот дел на програмата учествуваа "Вардарки" со познатите песни "На Струга дуќан да имам" и "Не кажувај либе добра ноќ", а Душанка Поповска-Јурковиќ со рецитирање на песните "Т'га за југ" и "Бисера" ги пренесе присутните во Струга, родниот град на браќата Миладиновци.

Бранка Јањиќ

# СВЕТИ АПОСТОЛИ ПЕТАР И ПАВЛЕ ПЕТРОВДЕН

На 12 јули празнуваме во чест на свети Петар и Павле. На празникот му претходи пост – Петров пост. Должината на постот зависи од празникот Духови (св. Троица). Кога се Духови порано, постот е подолг, а кога се подоцна, постот е покус. Постот секогаш почнува во понеделник, по првата измината недела по празникот Духови.

Свети апостол Петар е роден во Витсаида. Бил рибар и се викал Симон. Господ го нарекол Киф или Петар (Јов 1, 42). Тој прв од учениците Христови ја искажал својата вера во Христа кога рекол: "Ти си Христос Син на живиот Бог" (Мат. 16, 16). Неговата вера постепено се зацврстувала, бидејќи е познато дека трипати се откажал кога Господ Исус Христос бил изведен пред суд. Но за тоа се покајал и постанал и непоколеблив проповедник на светото Евангелие. По одржувањето на една негова беседа, три илјади луѓе се покрстиле и поверувале во Христа. Проповедал во Палестина, во Мала Азија во Илирик и во Италија. Помагал и со вера ги исцелувал луѓето. Бил распнат на крст по заповед на царот Нерон. Пред распнувањето, Петар ги замолил џелатите да го распнат на крстот со главата надолу, бидејќи сметал дека не е достоен да умре како неговиот Господ Исус Христос.

Свети апостол Павле, пак, е роден во Тарс, во родот на Венијамин. Се викал Савле, бил ученик на Гамалил и бил фарисеј. Прогонувал христијани. На чудесен начин се преобразил во верата, поверувал во Христа, постанал апостол и ревносен поборник и проповедник на светото Евангелие. Проповедал од Арабија до Шпанија. Светиот апостол Павле ја посетил Македонија во своето второ и трето мисионерско патување (види Дел. Апос. 16. 9, 16). Многу страдал, но стрпливо ги поднесувал маките и страдањата. Бил многу цврст и неколеблив во својата вера во Господа. Како таков постигнал најголемо духовно совршенство, па можел да изјави: "Не живеам јас, туку Христос во мене." Убиен е со меч во Рим, во времето на царот Нерон, исто како и свети апостол Петар. Во Македонија и помеѓу православните Македонците ширум светот владее висок степен на почит кон нивниот светителски лик и дело.

К.В.

# СВЕТИ ПРОРОК ИЛИЈА

Овој празник го празнуваме на 2 август во чест и слава на старозаветниот пророк Илија.

Светиот пророк Илија е познат како боговидец и чудотворец. Роден е од родот Аронов во градот Тесвит, поради тоа уште се нарекува и Тесвитјанин.

Кога свети Илија се родил, неговиот татко Савах видел околу него ангели кои го повивале со оган и го хранеле со пламен. Тоа го означувало неговиот пламенен карактер со огнена сила. Својата младост ја поминал во длабоко размислување и молитва, честопати сам во пустина. Во тоа време еврејското царство било поделено на два дела: на едното престолнина му била во Ерусалим, а на другото Самарија. Светиот пророк Илија се судрил со израилскиот цар Ахав и со неговата жена Езавеља. Тие се поклонувале на идоли и народот го оттргнувале од вистинската вера.

Неговиот светителски култ кај македонскиот народ има исклучително значење. На денот свети Илија во 1903 година е подигнато востание против турското ропство, поради што го добило името *Илинденско востание*. А на Илинден 1944 година е одржано Првото заседание на АСНОМ во манастирот Свети Прохор Пчински. Затоа празникот Илинден го празнуваме и како национален празник. Тој е синоним на револуционерниот дух на македонскиот народ за верска и национална слобода, за своја самостојна и суверена македонска држава.

К.В.



Тоше Проески на првиот јавен настап во Загреб

# Се гордеам со музиката од моето поднебје



*- По повод одбележувањето на десетгодишнината од постоењето на музичката група "Езерки" при Хрватско-македонското друштво во Загреб, на 24 април годинава гостин им беше популарниот Тоше Проески. Воедно, тоа беше и неговиот прв јавен настап во хрватската метропола, па затоа го замоливме за кус разговор за "Македонски глас"*

***Македонски глас: Како дојде до соработката со "Езерки"?***

**Тоше Проески:** Минатиот пат кога бев во Загреб околу обврските за мојот нов албум, се сретнавме со членките на "Езерки", кои претходно разговарале со мојот менаџер Лилјана, па јас, без никакво размислување ја прифатив нивната покана за настап на нивниот јубилеј, пред сè затоа што се работи за македонска традиционална музика. Тоа секогаш го велам - се гордеам со музиката од моето поднебје и никогаш нема да одбијам да ја интерпретирам.

***Македонски глас: На кое скалило од 1 до 5 е квалитетот на "Езерки" и оркестарот "Седум осмини"?***

**Тоше Проески:** Пет! Пет! Пет! Без размислување - пет! Кога би имало и шест и тоа би им го дал за нивниот квалитет.

***Македонски глас: Вашето гостување во Хрватска го искористивте и за снимање на спот со Тони Цетински. Која убавина и музика ќе ни дарувате со него?***

**Тоше Проески:** Песната "Лагала нас мала" е веќе снимена и многу ми се доапаѓа, со оглед на тоа што е различна од сè што досега сум го снимал. Овие денови го снимивме и спотот. Навистина сум горд со она што го направивме со Тони, кој го ценам како свој колега, а уште повеќе како пејач. Песната веќе се врти по хрватските радија, а наскоро ќе почне да се емитува и спотот. Сè на сè - повеќе сум од задоволен.





***Македонски глас: Според моите сознанија, иако сте настапувале во многу европски и прекуокеански земји и градови, за првпат сте во Загреб. Кои се Вашите први впечатоци за градот и за оние што живеат овде?***

**Тоше Проески:** Градот е навистина прекрасен: ми се допаѓа архитектурата и ми се допаѓа тоа што Загреб го има сочувано духот на старите времиња. Но, тоа не е единственото добро нешто овде. Во Загреб се препознава високата култура на неговите граѓани, како и нивниот однос кон музиката од сите видови. Многу ми е драго што на овој концерт бев исклучително добро примен. Луѓето во Хрватска, со оглед на тоа што имаат многу музички изведувачи, со текот на времето го имаат истанчено својот вкус и јас сум сигурен дека овде не може било кој да биде ѕвезда, пејач или уметник, затоа што публиката го цени само врвниот квалитет.

***Македонски глас: Кои се моменталните преокупации на најголемата македонска музичка ѕвезда?***

**Тоше Проески:** Сега го снимам новиот албум, кој треба да биде наскоро готов. Деновиве ќе одам за Бугарија, па на еден интернационален фестивал во Русија (на кој ќе настапам заедно со Тереза Кесовија), потоа ќе одам во Рим, па после сите тие патувања ќе му се посветам на мојот албум, за тој да звучи одлично.





***Македонски глас: И на крајот едно приватно прашање. Сте испеале многу песни за љубовта, но што лично за Вас е љубовта?***

**Тоше Проески:** Љубовта дефинитивно е најголемиот двигател во животот. Кога човек е вљубен може да ги направи сите оние работи кои мислел дека не може да ги стори. Значи, љубовта е најголемата сила која го врти светот и векот, па затоа тешко на оние кои ја немаат таа емоција во себе. А луѓето сè помалку и помалку се сакаат и тоа за мене е критично, како и најголем проблем во светот.

Марина Апостоловска - Вујаклија
Фото: Елизабета Жугај

При официјалната посета на Хрватска

# СРЕДБА НА БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ СО МАКЕДОНЦИТЕ



Во официјална посета на Република Хрватска, на 1 јуни 2005 година, претстојуваше претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенкоски. По средбите со највисоките претставници на Хрватска, македонскиот претседател во придружба на министерот за култура, Благоја Стефановски и членовите на македонската делегација, во Загреб се сретна со претставниците на Заедницата на Македонците во Република Хрватска и нејзините македонски културни друштва. На средбата беа присутни амбасадорот, Махи Несими и советничката во Амбасадата, Вера Наумовска.

Во срдечна и пријателска атмосфера, претседателот Црвенкоски изрази задоволство за средбата и истакна дека со оваа официјална посета на Република Хрватска реално проценува дека односите меѓу двете држави се на високо ниво. "Заедно сакаме да бидеме членови на Европската унија, да соработуваме на тој план и даваме поддршка каде е потребно. Овие наши односи можат да служат за пример во целиот наш регион. Камо среќа и меѓу другите држави да има такви добри односи", рече меѓу другото Црвенковски.

Потоа, претседателката на Македонската Заедница и член на Советот за национални малцинства, Славица Сагадин, го поздрави претседателот и неговите соработници и се заблагодари за остварената средба. Таа ја истакна соработката помеѓу хрватската влада и националните малцинства преку Советот кој ги подржува сите македонски културни друштва. "Хрватска максимално помага во одржувањето на нашиот сопствен идентитет и во очувувањето на македонската култура. Годишните програми на друштвата ја прикажуваат Македонија во мало. Но, за некои наши истакнати манифестации, како што е стогодишнината од смртта на Јосип Јурај Штросмајер, меценатa на Костантин Миладинов, очекуваме помош од министерството за култура на Македонија", рече Сагадин. Таа притоа им врачи на претседателот и на министерот за култура по еден комплет книги издадени од Заедницата.

Претседателот на МКД "Илинден" од Риека, Илија Христодулов, кој е и член во Пододборот за малцински и човечки права во Саборот, во своето обраќање истакна дека плодната соработка во Заедницата се одвива преку македонските културни друштва кои се оформени во шест поголеми градови во Хрватска. Меѓутоа, недостасува сензибилитет од страна на македонските институции кон здруженијата за една заедничка стратегија и настап во сферата на културата и стопанството.

Потоа, на средбата со Црвенковски за достигнувањата и проблемите на своите друштва говореа: претседателката на друштвото "Браќа Миладиновци" од Осиек, Јагода Цветичанин, претседателите на друштвата "Билјана" од Задар, Мирјана Мајиќ и на "Крсте Мисирков" од Загреб, Иван Качуров. Анастас Оџаклиески, претседател на Советот на македонското национално малцинство на Загреб и претседател на Семакедонската координација на македонското национално малцинство во Хрватска, ги запозна гостите со задачите и активностите на овие Совети. Тој меѓу другото рече: "Отворена е соработка со институциите од Македонија, министерството за култура, за надворешни работи, Македонската телевизија и Агенцијата за иселеништво. Имаме задача за отворање на Македонски културен и духовен центар." Свештеникот на Македонската Православна Црква во Хрватска, отецот Кирко Велински, кој со потпишаниот договор со Владата престојува како редовен свештеник, ја изнесе соработката на црковен и духовен план со сите конфесии, а особено со Католичката црква.

Претседателот Црвенковски ги информира присутните со тешката економска ситуација во Македонија и напорите за нејзино подобрување. "Нема можности за поголема помош на сите иселеници. Постојат финансиски и политички тешкотии на македонските малцинства во Бугарија, Албанија и Грција. Закинати се на сите полиња и не се признати. Проблеми постојат и на црковен план од страна на Српската Православна Црква, која прави неуспешни обиди за раздор. Клучна задача на МПЦ и Владата е да се одржи единството на свештенството и верниците во Македонија и да се упати апел до другите православни цркви за признавање на нејзината автокефалност", рече на средбата со Македонците во Хрватска, претседателот Црвенковски.

На крајот, министерот за култура на Македонија, Благоја Стефановски, вети дека ќе помогне според можностите.

М. Паризоски




SKOVIN

KAUFLAND :: IPERCOOP :: ŽITNJAK :: VRUTAK :: TRŽNICA DOLAC

Наскоро издавачката дејност на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска ќе биде збогатена со новото дело на Борислав Павловски. Пред излегувањето на книгата ја пренесуваме нејзината рецензија, потпишана од познатиот театролог, г-ѓа Јелена Лужина

Borislav Pavlovski: "Od teksta do predstave"
Izdavač: Zajednica Makedonaca u RH, Zagreb, 2005.

# RASPRAVA O DRAMATURGIJI KOLA ČAŠULA I PREDSTAVAMA CRNILA NA HRVATSKIM POZORNICAMA

Ova se knjiga bavi krajnje plemenitim poslom: rekonstruira, naime, suptilne tragove što su ih u povijesti hrvatskog glumišta ostavile inscenacije jednog dramskog teksta koji, formalno i inicijalno, pripada nekom drugom kulturnom/kazališnom kontekstu, makedonskom. Otud je ona i svojevidni most između dviju kultura – prijateljski i trajan.

Baveći se jednim od ključnih, prijelomnih tekstova suvremene makedonske dramatike, "Crnilima"/"Tminama" Kola Čašula, koji je dosad izvođen na različitim europskim jezicima, Borislav Pavlovski uložio je iznimne napore kako bi istražio moduse, modalitete, no i poetike njegovih četiriju hrvatskih postavki. Istraživanje teatrološke građe vrlo je zahtjevan, naporan, bezmalo detektivski posao: podrazumijeva visoke znanstvene kompetencije, ali i iznimnu kondiciju istraživača, njegovu apsolutnu predanost poslu kojega je odlučio obaviti. U stvari, radi se o poslu koji se može obaviti samo na dva načina – temeljito i odgovorno (kako to, uostalom, radi Borislav Pavlovski) ili pak traljavo i u osnovi neupotrebljivo.

Obje nacionalne teatrologije, i hrvatska i makedonska, ovom su knjigom dobile ne samo uvid u neke važne segmente vlastite kazališne povijesti, no i nesumnjiv dokaz o međusobnim dugim i respektivnim kazališnim relacijama koje, očigledno, i dalje valja razvijati.

Jelena Lužina

Промоција

# ПРЕТСТАВЕНА "ТАНГО"

## *Во големата сала на Хрватско новинарско друштво промовирана книгата на Марина Апостоловска*



Во организација на *Zbor novinara nacionalnih mawina* при Хрватското новинарско друштво и во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, на 5 мај 2005 годинава во Новинарскиот дом претставена е книгата "Танго" на Марина Апостоловска. Во името на ХНД, Милка Ганза се обрати кон многубројната публика на македонски јазик и рече: "Добро ми дојдовте, драги пријатели", па продолжи: "U domu Hrvatskog novinarskog društva, ovo je Klub četvrtkom u 18, a danas imamo čast prvi put predstaviti Zbor novinara nacionalnih manjina i Zajednicu Makedonaca u Republici Hrvatskoj. Pozdravljam sve Vas drage goste, prijatelje naše drage Marine Apostolovske koja pored svoje duge novinarske, sada ostvaruje i književničku karijeru."

Потоа, амбасадорот на Р.М. во Р.Х., Махи Несими, ги поздрави гостите и изрази задоволство за заедничкото дружење на ваква културна манифестација, која ги поврзува луѓето на културна и национална основа, па нагласи дека му е посебна чест што присуствува на ова промоција на книгата на Марина, со која соработувал уште како новинар во Македонија.

Претседателот на *Zbor novinara nacionalnih manjina*, Илија Крнета, потоа истакна: "Naš Zbor je najmlađa udruga u HND-u. Počeli smo radom ne samo zbog stručne i profesionalne afirmacije naših članova, nego i zbog izgradnje takve medijske i društvene kulture u kojoj će vladati bogatstvo različitosti i susreti na novom horizontu. Ova je večer jedna od prvih velikih projekata. Pozdravljam predsjednika Savjeta za nacionalne manjine, Aleksandra Tolnauera. Vrijeme koje je pred nama je vrijeme velike Europe i u toj i takvoj Europi bit æe samo dvjesto milijuna pripadnika nacionalnih manjina."

Поради презафатеност, на промоцијата на "Танго" не можеше да присуствува нејзиниот рецензент, професорот Ферид Мухиќ, па неговата рецензија ја прочита артистката Костадинка Велковска.

Потоа свој настап имаше новинарот и спикер на Хрватското радио, Вјекослав Мадуниќ, кој на хрватски јазик прочита неколку извадоци од расказите "Танго", "Брегот на спасот" и "Грутка злато".

Славица Сагадин, претседателка на Заедницата на Македонците, му се заблагодари на Советот за национални малцинства во Република Хрватска кој финансиски овозможи оваа книга да излезе од печат.

Промоцијата продолжи со настапот на реномираната артистка Костадинка Велковска, која со посебни чувства ја прочита целата новела "Танго" од истоимената книга.

Марина Апостоловска, возбудена, обраќајки се на хрватски јазик, им се заблагодари на сите оние кои се поврзани со издавањето на книгата, па рече: "Što reæi poslije svih ovih predivnih riječi! Ništa osim jedno veliko HVALA! Kada sam prije pet godina došla u Lijepu našu nisam ništa htjela, nego dobiti ljubav, prijatelje kao što ste svi vi ovdje i Tango. Prije svega hvala Republici Hrvatskoj i prelijepom Zagrebu što su mi omogućili da budem njihov dio. Hvala na potpori Savjetu za nacionalne manjine i Zajednici Makedonaca u R. H., hvala mom recenzentu prof. Feridu Muhiću, kao i svima onima koji su sudjelovali u izdavanju ove knjige. Od srce vi blagodaram, na site! Svima vama, od sveg vam srca hvala!"

Во уметничкиот дел на програмата учествуваа и Аделина Христовска и Роберт Хинкелманн, кои исполнија неколку музички нумери.

М. Паризоски

Разговор со Јагода Михајловска - Георгиева

# ДА СЕ БИДЕ "ПРИЗНАТ ОД РАЦИН" ЗА МЕНЕ Е ПОВЕЌЕ ОД НАГРАДА




*Годинешната највисока македонска награда - Рациновото признание неодамна беше доделено на Ј. М. Георгиева за нејзината најнова книга "Каменот од Твојот ден", што беше повод за специјален разговор за "Македонски глас"*

***Госпоѓо, со благодарноста што прифативте да го направите овој наш разговор, најнапед Ви ги упатуваме нашите честитки за добивањето на највисоката книжевна награда во Р. Македонија - Рационовото признание. Добитничка сте на неколку признанија, но кажете ни што за Вас значи оваа награда?***

- Рацин е светла точка во нашата колективна меморија што зрачи постојано до ден денес. "Разбудете се и погледнете кон силно светнатиот ден" е пораката што таа ја емитира. Да се биде "признат од Рацин" за мене е повеќе од награда, повеќе од чест, а најмногу од сè, благодарност, што ете, и мојата книга станува дел од начините за продолжување на неговиот пат и славење на неговото име.

***"Каменот од Твојот ден" е книга која "излезе" од Вас по Вашето освојување на Хималаите. Накусо, кажете ни како е да се биде таму горе до боговите, над сите нас?***

- Да се биде горе со нив, значи да се стане свесен за сопствената божествена вредност, моќ, значење, способност... Секој од нас е "бог" на свој сопствен начин, но понекогаш го забораваме тоа и се мислиме мали, кревки, немоќни и кутри. Но, таму, горе, на Хималаите, човек може да почуствува колку се поголеми неговите способности и колку индивидуалните граници може да ги помести многу повисоко и многу подалеку отколку што претпоставувал.

***Се сеќавам на Вашите поранешни книги, патеписи, раскази, огледи, каде бевте опседната од височините и ѕвездите. Зошто? Ги допревте ли на Хималаите или некаде на "земја"?***

- Не е неопходно да се замине на Хималаите за да се биде во "контакт" со ѕвездите. Човековата природа е таква: да гледа нагоре и да копнее по височините. И ѕвездените ноќи над, на пример, пелистерско - преспанското село Брајчино, и тие над Маврово, впрочем како и насекаде, се повик за далечни заумни патувања, можност да се мечтае и шанса мечтите да станат стварност. Над Хималаите светат истите ѕвезди и небото на ист начин е далечно и недостижно. Но со мислата се стигнува секаде. Најважно е да се има желба за тргнување.

***Балашевиќ во една своја балада пее "не прашувај ме зошто свирам, тоа ѓаволот од мене бара". Сте се запрашале ли зошто Вие пишувате?***

- Тоа прашање е мој постојан придружник во пишувањето. А, одговорот секогаш е: затоа! Затоа, содржи безброј пододговори, но изгледа само еден единствен е најважен: пишувам затоа што имам потреба да соопштувам, да ги споделувам со другите нештата што ги доживувам, чувствувам, гледам, слушам, мислам, спознавам, што ги учам. Јас сум собирач на приказни и нивен преносник.

***Писателка, новинарка, телевизиска уредничка, мајка, сопруга, жена... Што од сево би го избрале за свој приоритет?***

- Секоја од овие улоги, или поточно - идентитети, во кои влегувам и излегувам низ моите деноноќија, има свое место и свое време. Понекогаш се мешаат и се испреплетуваат, но најчесто ми успева максимално да им се предадам и да немаат директен контакт и меѓусебно влијание. Кога пишувам, навистина само пишувам и не мислам на ручекот што треба да го зготвам. Кога сум во Телма телевизија, јас сум уредник на Забавната програма, а не сум писател. Кога бев на Хималаите не бев жена и сопруга. Бев планинар. Но, сепак, секогаш, најбуквално секогаш, сум мајката на моите две деца, ќерка ми и син ми. Од таа "улога" ниту сакам, ниту можам да излезам ни на јаве, ни на сон. Во неа сум целосно, и ја "играм" со голема страст, преданост, љубов и нежност. Еднаш мајка - засекогаш мајка!

М.А.В.

# ПОЛИТИЧКИТЕ, СОЦИЈАЛНО - ЕКОНОМСКИТЕ И КУЛТУРНИТЕ УСЛОВИ ВО ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ДО НЕЈЗИНОТО УКИНУВАЊЕ



Фазата на подготовките на капиталистичките меѓународни односи во светот започнала уште кон крајот на 15 и траела до крајот на 18 век. Турците османлии со освојувањето на Цариград ги прекинале трговските патишта на Европа со источните земји. Со откритието на Америка ( Х. Колумбо, 1492) и патот за Индија (Васко де Гама, 1498) тежиштето на светската трговија преминало на Атлантскиот Океан. Носители на светската трговија станале државите на неговите брегови кои стекнале огромни богатства. Тоа акумулирано богатство почнало да се движи како капитал. Османлиската империја, со својот феудален систем, не можела долго да се противстави на настанатите капиталистички односи. Со промените и односите меѓу државите и меѓународната заедница зафатена беше и Османлиската империја. Заемно дејствување на внатрешните сили во Империјата и надворешните фактори влијае врз внатрешниот однос во Турција и го забрзува неговиот крај и како општество и како систем.

Кон средината на 17 век капиталистичките економски односи навлегле во светот и нагло ја зафатиле и Турција. Европските држави во тоа време успеале да ги запрат натамошните турски освојувања.

Со пробивот на трговско- лихварскиот капитал во Турција во 18 век преовладале чифлигарските односи, воведена е ангаријата (работна рента), која тешко ги притискала македонските селани. Со настанатите промени феудалната класа осиромашувала на сметка на јакнење на одделни локални феудалци. Некои од нив се засилиле со сопствена војска и се одметнувале од централната власт. Сето тоа ја фрлило Турција во анархија. Населението од тоа се бранело со бегање во ајдутство, кое се претворило во масовно движење и прераснало во народно востание за ослободување на земјата од турската османлиска власт. За тоа придонесле и поразот на Турција под Виена (1683). Австриските војски почнале длабоко да навлегуваат на Балканот и во 1689 год. го освоиле и Скопје, а потоа со богат плен се вратиле назад.

Ваквата хаотична положба на Османлиската империја го ојакнало ајдутството во западна и северна Македонија. Во октомври 1689 година во североисточна Македонија избувнало востание на чело со Карпош. Востанатите селани ги освоиле Куманово, Кратово и Крива Паланка и започнале опсада и на Скопје. На таа територија воспоставиле своја власт. Со повлекувањето на австиските војски од Македонија турските сили го угушуваат востанието, а заробениот Карпош под Камениот мост во Скопје бил наденат на кол.

Македонското Карпошево востание сведочи дека македонскиот народ опстојувал и чекал момент за да востане и да се ослободи, а тоа е стремеж за создавање на своја државност. Успехот на Карпошевото востание било оценето и од австрискиот император Леополд кој во издадениот Манифест декларирал: "...Македонскиот народ во целост го примаме во секој поглед, благонаклоно под нашата царска и кралска заштита."

По задушувањето на востанието одмаздата на османлиите била страшна. По тие причини жителите се иселувале, а турските власти населувале албанско муслиманско население со што настанале етнички промени на населението. Османлиските жестокости над македонското население со времето станувале сè поголеми. Верскиот фанатизам достигнал врв, бидејќи за сите неволи биле обвинувани христијаните. Во тоа време дошло и до масовно исламизирање на македонското население, првин поединечно а потоа и цели села во велешкиот и кичевскиот крај.

Надежи на охридските архиепископии за ослободување во Русија

Од самоволието на месните турски феудалци не бил поштеден ни клерот на Охридската архиепископија, од архиепископот па до парохиоското свештенство и монаштво. Турските власти во 18 век на автокефалните цркви им оп-

товариле големи даноци, па заради тоа тие паѓале во големи долгови. Но клерот на Охридската архиепископија се солидаризирувал со народот кога овај кревал локални буни за да се брани од насилствата. Во 1737 година австриската влада водела преговори со охридскиот архиепископ Јоасаф за кревање на востание. Притоа архиепископот Јоасаф поставил услови за полна слобода на православната Охридска архиепископија, тој да стане духовен и политички владател на Македонија, Албанија, Србија и Босна. Тоа јасно сведочи за дипломатските чекори за ослободување од османлиското ропство и за создавање на една јужнословенска држава со Македонија ( со славно античко име) како центар на соседните земји и јужнословенските народи. Надеж за тоа посакувале од православна Русија и московските цареви Иван и Петар и сестата им Софија. Тие за првпат започнале отворена борба против османлиската империја за времето на Петар Велики (1689-1725). Тој го повикува македонскиот народ да војува за верата против мухамеданците и изјавил како "Александар Македонски со малку војска победил многу цареви и оставил бессмртна слава". На 9 јули 1715 година упатил повик до митрополити, кнезови, војводи и до сите христијани во Македонија, Србија, Црна Гора и Хецеговина со надеж за скорашно ослободување и почеток на војна на Русија со Османлиската империја.

Руската царица Катарина Втора (1762-1796) смело решила да ги оствари стремежите на Петар Велики, да го освои Цариград и да ги ослободи сите народи од османлиското ропство. Нејзина идеја била основање на една голема христијанска држава на Балканот. На почетокот на Руско-турската војна (1768-1774) Катарина пратила повик до словенските народи и Грците за учество во војната. Во руската војска покрај другите бил и доброволечкиот "македонски полк". Во тоа време Охридската архиепископија на црковен план доживувала тешки удари од страна на Цариградската патријаршија и од внатрешната фанариотска партија. (Фанариоти - Грци од цариградскиот кварт Фанара, богати грчки семејства кои се здобиле со богатство од турската државна служба и прогонители на другите национални малцинства во Турција).

Односите меѓу Цариградската патријаршија и Охридската архиепископија

Во текот на 18 век дошло извесно подобрување на финансиската положба на Охридската архиепископија. Турската влада почнала да воведува одредени реформи и да ги оживува трговаските односи со европските држави. Носител на трговијата било христијанското население организирано во еснафи. Меѓутоа, Охридската архиепископија на чело со епархиските архиереи - Фанариоти натрупувале големи долгови кон државата. Тие биле сменети, а од таа криза донекаде ја извлекол архиепископот Јоасаф. Тој, со извесно разбирање на турската влата, не само што нашол средства за редовно плаќање на државните даноци, туку изградил нов архиепископски двор во Охрид (1735).

Охридската архиепископија во 18 век била разнишана од честото сменување на архиепископите. За триесет години, од 1688 до 1718 г., се смениле 12 архиепископи. Само Јоасаф, од 1719 година успеал да се задржи на престолот 26 години.

Несигурната положба на охридските архиепископи, како и на епархиските архијереи, се должела и на внатрешната борба меѓу двете партии, автохтоната и фанариотската. Во првите години на 18 век автохтоната партија го сменила фанариотот Рафаил и на охридскиот престол дошол воденскиот митрополит Герман, а по него Игнатиј бератски митрополит. Фанариотите со помош на цариградскиот патријарх Гаврил го смениле Игнатиј и го поставиле Дионисиј од Хиос. Поради бесрамни дела охридскиот синод го сменил Дионисиј, а потоа и поставениот Филотеј за неморален живот. После неколку такви смени во Охрид (1719 г.) бил свикан црковнонароден собор и синодот за охридски архиепископ го избрал корчанскиот митрополит Јоасаф, а до клерот и народот е испатено пастирско послание кое внесло спокојство кај народот. Со тоа фанариотската партија била скршена.

Цариградската патријаршија, не можејќи да води отворена борба со Охридската архиепископија, прибегнала кон интриги со цел да ѝ нанесе удар. По смртта на архиепископот Јоасаф, со помош на Фанариотите и султанскиот берат Ананија бил избран за охридски архиепископ иако добро знаел дека Охридската архиепископија е автокефална црква. Ананија не бил примен во Охрид, а за архиепископ бил избран пелагонискиот митрополит Арсенија. Новиот цариградски патријарх Самоил Ханџери со помош на турските власти ги привлекол кон себе петте епархиски архијереји и заедно со архиепископот Арсенија ги повикал во Цариград. На 16 јануари 1767 година го принудиле архиепископот Арсенија да поднесе писмен отказ на архиепископскиот престол.

Внатрешните промени во македонските епархии по укинувањето на Охридската архиепископија

По укинувањето на Охридската архиепископија Цариградската патријаршија започнала со спроведување на системски реформи во македонските епархии со цел да го променат црковниот и духовен живот во Македонија и да го сообразат со обичаите на грчката Цариградска патријаршија. Сменети се сите епархиски архијереи и заменети со фанариоти. Грчике митрополити во градовите ја забраниле словенската богослужба во сите цркви. Икономите, во главно Грци, ги собирале црковните давачки за свое и збогатување на владиката. Покрај тоа тие решавале и правни прашања, како одобрување на венчавки, бракоразводни парници, тестаменти и други спорови и за тоа скапо наплатувале. Сите давачки се двојно зголемени, во градовите се плаќал данок со пари а во селата во натура. Владиката од домородниот низок клер за ракополагање земале и по 50 златни лири. Забележени се протести и отпор на паствата во Битола, Скопје, Кукуш, Лерин и други градови. Но и покрај сите тешкотии домородните свештеници во времето на најтемното фанариотско духовно ропство успеале да ги зачуваат традициите на свети Климентовата црква и на Охридската архиепископија.

Културна мисла и традиција на Охридсаката архиепископија во 18 век

И покрај тоа што на чело на Охридската архиепископија стоеле Грци духовната клима и просветата се подобрила. Отварани се грчки училишта меѓу кои познато е училиштето во Охрид при архиепископската катедрала "Св. Климент". Во духовните училишта се учеле предметите: псалтир, октоих, часослов и граматика со читање на поетски текстови. Духовната просвета најмногу била развиена во Корчанската епархија. Издршка на училиштата давале богати еснафи дури и влашкиот кнез Иван Маврокордат. Градот Москополе од 1738 година станал еден од најпросветените градови во Европска Турција. Со својата ученост биле познати охридскиот архиепископ Јоасав, костурскиот митрополит Дионисиј, а најпознат бил попот Иван Калкијас кој станал доктор по филизофија и богословје. Одлично знаел грчки, латински и италијански. Во Москополе била и печатница во која се печателе служби, житија и богосливни трактати.

Во училиштата се развивала и книжевноста. Се пишувале житијата на светителите од диецезата на Охридската архиепископија. Јеромонахот Григориј од Москополе составил служба за св. Седмочисленици (Кирил, Методиј, Горазд, Климент, Наум, Ангеларij и Саво). Се пишувале и пофалбени стихови и епиграми. Сето тоа се пишувало на грчки јазик. Во Македонија се развивала грчката просвета и книжевност, а фанариотите ја потиснувале словенската писменост и култура. Но и покрај тоа кај македонскиот народ се развивала културата и македонскиот говорен и писмен јазик. Позната е дамаскинарската книжевност во Македонија која вршела премин од црковно-словенски кон разни македонски дијалектални јазици. Тогаш се појавува и писменоста чии македонски преродбеници беа Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ.

Подготвил: Марко Паризоски

Литература: Славко Димевски, "Историја на Македонската Православна црква" на издавачот "Македонска книга"- Скопје, 1989 г.

Анастас Саша Оцаклиески, претседател на Семакедонската координација на националното малцинство во Хрватска

# МАКЕДОНИЈА САМО ДЕКЛАРАТИВНО ГИ ПОДДРЖУВА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА

Утрински Весник

***Што претставува Семакедонската координација на македонското национално малцинство во Хрватска?***

- Македонската координација е формирана во ноември 2004 година и нејзината задача е на некој начин да ги обедини и артикулира правата и обврските на македонското национално малцинство во Хрватска. Најголем проблем досега се покажа претставувањето на македонското национално малцинство во парламентот на Хрватска. Сега таму не претставува еден господин од бошњачкото национално малцинство. Инаку, Координацијата на националните малцинства на градот Загреб, т.н. група на поранешна Југославија, ги обединува претставниците на Албанците, Бошњаците, Црногорците, Словенците и Македонците. Морам да кажам дека многу добро работиме меѓу себе како Координација на националните малцинства и можеби најдоброто е што настапуваме со некои единствени барања и со власта имаме одлична соработка.

***Сега во парламентот Ве претставува Бошњак, дали таа позиција ќе ротира?***

- Не. Тоа е и нашата борба, во следниот мандат тоа да се смени со уставен закон. Дали мандатот ќе биде делив или не, не знам. Постојат шанси тоа да се прифати, но малку е проблематично, бидејќи се менува целата концепција на изборниот закон. Сепак, мислам дека имаме шанси.

***Колкав е бројот на Македонците во Хрватска?***

- Според официјалните податоци, во Хрватска има над 4.500 Македонци, иако ние сметаме дека тој број е многу поголем, можеби и над 6.000. Најмногу нѐ има во Загреб – 1.313 запишани Македонци, и сигурно уште толку незапишани, а потоа во Сплит, Риека, Пула, во Осиек. Знаеме и за многу случаи кога Македонци се декларираат како припадници на други националности. Ние според бројноста сме речиси идентични со Црногорците. Таму сме едно од помалите национални малцинства, но за среќа, морам да кажам, бројноста не ја искажува и реалната слика по прашањето на нашиот рејтинг. Многу добро сме прифатени во сите сфери, и од власта и во секојдневниот живот. Тоа можеби се должи на тоа што ние не сме економска емиграција, туку сме затекнати поради распадот на Југославија.

***Каква е поддршката што ја добивате од Македонија?***

- Досега имам разговарано на сите нивоа и се обидувам некои работи да ги поместам од мртва точка. Досега сме добивале само ветувања. Ние сме Македонци и таму ни доделуваат средства да го одржиме тоа, но без нашата матична земја што можеме да правиме? Инициравме и прашање за отворање културно-информативен центар. Одговорот беше дека ќе се размисли за тоа. Засега, поддршката од Македонија е само декларативна, но се надевам дека ако не се разбудат во овој момент, ќе се разбудат наскоро. Ние постојано ќе бараме и ќе кажуваме

*Бројката од 4.500 Македонци во Хрватска е бројка на оние кои се изјасниле како Македонци, а не на оние кои имаат македонски пасош*

до каде се работите. Велат дека по Шведска ние сме биле најдобро организирана дијаспора, но тоа не значи дека македонската држава треба да ги крене рацете од нас.

***Со кои проблеми најмногу, како малцинство, се соочувате?***

- Немаме поголеми проблеми кои би ги окарактеризирале како проблем на малцинството. Секогаш има индивидуални, правни и социјални проблеми на кои некои се обидуваат да им дадат друга димензија, но тоа не е случај. Ние имаме добар статус и рејтинг во Хрватска. Луѓето ги ценат и ги знаат Македонците како мирни луѓе, тивки и вредни. Нѐ нема по затворите, нема судски процеси во кои се спомнуваат Македонците. Живееме таму како лојални граѓани.

***Во Хрватска има и етнички Албанци од Македонија...***

- Тие се организирани на друг начин. Албанците од Албанија, од Македонија и од Косово се во албанската асоцијација и тие не доаѓаат кај нас и не комуницираат со нас. Ние сме отворени за нив, но тие се претставуваат како Албанци, а не како Македонци. Немаме соработка со нив и не знаеме колку ги има. Бројката од 4.500 Македонци во Хрватска е бројка на оние кои се изјасниле како Македонци, а не на оние кои имаат македонски пасош. Дури и медиумите прават разлика кога третираат некој случај, потенцирајќи дека станува збор за "македонски државјанин од албанско потекло".

***Што добија или што ќе добијат Македонците во Хрватска со формирањето на нивна политичка организација?***

- Ќе ви објаснам врз примерот на Загреб. Ние како Совет присуствуваме директно во работата на градското собрание, каде немаме право на глас, но имаме наш Одбор за национални малцинства преку кој можеме да артикулираме сѐ. На пример, последната активност на Одборот на националните малцинства беше лани при усвојувањето на буџетот за годинава, кога по наше барање за средства ни беа доделени 500 единици, иако првичниот предлог во буџетот беше 100 единици. А има и една друга цел. Во Хрватска почна да доаѓа и една нова генерација од Македонија. Во Хрватска сигурно ќе има и економска емиграција и ја очекуваме и сакаме кога тие луѓе ќе дојдат ние да можеме организирано да ги пречекаме, да им помогнеме.

ТАМАРА ГРНЧАРОСКА
"Утрински весник", 24 мај 2005 г.

# Ф А Л А! ЗА ДОБРИОТ ИЛИЈА!

Неумоливата гостинка - смртта одеднаш ни го одзеде почитуваниот и драг Илија Стојковски, прилепскиот сокол и благороден сонародник. Сите што го знаеа и познава останаа вчудоневидени и одземени. Зарем е можно, добриот Илија. Се собравме и го испративме на последниот починок на Мирошевац.



Од името на странката на која ѝ припаѓаше - Либералната странка, чиј што претседател на огранокот Пешченица беше два мандата, се прости г. Бранко Лончар и сениорот Карл Гориншек, во името на пријателите г. Ивица Кунеј, а во името на сонародниците и Заедницата на Македонците Огнен Бојаџииски.

Нашиот Илија, соколот прилепски, не наврши ни 70 години оставајќи зад себе семејство, рожба и грст пријатели. Одамна ја беше напуштил родната грутка, за да се школува и трајно остане во Загреб и Хрватска.

Многумина ќе го паметат по неговата добрина, ведар лик и неверојатна подготвеност да помогне, да се најде, да биде при рака.

Така и кога се создаваше Заедницата во 1991 година, меѓу првите беше и Илија со својот ентузијазам и организаторска иницијатива, која што овозможи во Загреб подоцна да се втемели и МКД "Крсте Мисирков", чиј што прв секретар беше скоро два мандата. За Илија ништо не беше тешко, невозможно и бескорисно: да се организира Илинденскиот пикник, да се свика Собрание, да се организира предавање, да се најдат спонзори и донатори, да се посетат болните и немоќните, да се одржи седенка. Беше пожртвуван, добронамерен, благороден и без разлика на сопствените тревоги и патила, секогаш имаше добра реч и насмевка. Беше вистински другар, пријател, сопатник и човек. Не задолжи сите поединечно и заедно, и затоа му должиме едно големо **Ти благодариме почитуван и драг Илија**. Нека Ти е вечен споменот и лесна земјата.

О.Б.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕН РЕКЛАМЕН ПРОСТОР ВО МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Редакцијата веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,

Редакцијата на "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на заедницата е: 2340009-1100038804, а матичниот број: 3805760) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина, изнесува 40 куни годишно, додека пак претплатата на ова наше списание во странство, се разбира со платена поштарина, изнесува 80 куни месечно или 11 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Редакцијата

# ВЕЛИГДЕН ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА



И оваа година Македонците во Република Хрватска достојно го прославија најголемиот христијански празник Велигден.

Богослужби по повод Велигден се одржаа во Загреб во црквата Свети Рок, во Сплит во црквата Свети Филип, во Пула во самостанот Свети Фрањо Асишки и во Риека во црквата Свети Фабијан и Себастијан.

Велигденската прослава оваа година беше збогатена со плаштаницата што на црковната општина св. Злата Мегленска во Загреб и ја поклони господин Милутин Ѓорѓевси со семејството.

За првпот оваа година, за Велигденските празници дојде уште еден свештеник од Македонската Православна Црква, кој беше со верниците од црковната општина св. Наум Охридски во Сплит. Големата одговорност на црковната управа и професионалноста на отец Оливер го дадоа очекуваниот резултат - голема посетеност на богослужбата.

Во сите градови каде што беше служена светата литургија црквите беа посетени, а тоа зборува дека македонскиот народ, без разлика каде се наоѓа во светот, не ги заборавил своите корени.

К.В.

Во скойскиош храм "Св. Клименш Охридски"

# ХИРОТОНИСАН НОВИОТ ВИКАРЕН ЕПИСКОП НА МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

На 21 јуни годинава, на третиот ден Духови (св. Троица) во соборниот храм "Свети Климент Охридски", за време на Архиерејската Божествена Литургија со која чиноначалствуваше Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан, а во сослужение на Митрополитот Полошко – кумановски г. Кирил, Митрополитот Преспанско – пелагониски г. Петар, Митрополитот Дебарско – кичевски и плаошки г. Тимотеј, Митрополитот Струмички г. Наум и Митрополитот Брегалнички г. Агатангел, архимандритите и бројните свештенослужители на Македонската Православна Црква, архимандритот Методиј беше ракоположен во епископски чин.

На крајот поглаварот на Македонската Православна Црква г. г. Стефан му се обрати на новиот Епископ, па меѓудругото рече:

"Преосвештен Владико, еве преку гласот на Светиот Архиерејски Синод на Македонската Православна Црква, Бог Те повика на висока служба. Те повика да му служиш на нашиот боголубив народ, да ѝ служиш на нашата Света Македонска Црква. На денешнава Твоја педесетница, преку положувањето на нашите раце врз Твојата глава и преку призивањето на Светиот Дух, Ти стана жива алка во долгиот синџир на апостолско служење и се вброи меѓу призваните за служба во Црквата Божја на богоблагословената македонска земја.

Секој избор за служење е и радост и одговорност! Но, да се биде служител на Бога, на Црквата и на својот народ е поголема од секоја радост и од секоја одговорност. Затоа, Преосвештен Владико, внимавај на од Бога даруваните – и избор, и служба! Внимавај – на себеси! Секој треба да внимава на себе, но Епископот најмногу.

Познавајќи го Вашето преосвештенство, ќе речам, во Вашата личност добивме Епископ каков што ѝ треба на Македонската Православна Црква и на Црквата Христова. Ете, Божија волја било да бидете избран и хиротонисан за Епископ во исклучително време за нашата Света Црква. И Вам Ви падна дел од долгот да потврдите дека македонската мајка родила и исчувала чесна и високодоблесна личност, исполнета со боголубие и родолубие, а Мајката Црква во Вас изградила пастир и духовник каков што ѝ треба во ова време.

Преосвештен Владико, бидете вистински Христов Апостол! Чувајте ја вистината за да ве чува и таа вас! Како новоизбран Архиереј на Македонската Православна Црква бидете вистинско благоухание за нејзините рани, бидете лечител против сите бодежи, бидете тврдина за сите напади против неа, бидете пастир што ќе ја полага својата душа за Црквата Божија и за народот Божји."

На хиротонијата присуствуваа премиерот на Владата на Р. Македонија, г. Владо Бучковски, претседателот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г. Цане Мојановски, заменикот на министерот за култура, г-ѓа Мелпомени Корнети, како и други лица од политичкиот и општествениот живот на Македонија. На свечената трпеза којашто беше организирана во манастирот Свети Пантелејмон во Нерези, на новоракоположениот Епископ Велички г. Методиј дојдоа да му честитаат Неговата Екселенција, г-динот Агарон Асатур, амбасадор на Руската федерација во Р. Македонија и Неговата Екселенција, г-динот Григоре Герчеану, амбасадор на Република Романија во Р. Македонија.

# СЛОВО ЗА СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ

Во 1993 година во Грко-католичката црква Св. Кирил и Методиј на горни град во Загреб е одржана првата литургија на македонски јазик од протојереј проф. др. Александар Мустеников, свештеник на Македонската Православна Црква.

Оваа година, на 23 мај, во чест на св. Кирил Методиј во истата црква празнична вечерна богослужба служеше парохискиот свештеник, о. Кирко Велински, на која присуствува голем број верници. Меѓу поканетите гости беа г -ѓа Вера Наумовска советник во Амбасадата на РМ, монсињор Владо Кошиќ, помошен бискуп во загрепската надбискупија, монсињор Владимир Станковиќ, генерален викар на загрепската надбискупија, д-р Звонимир Куреќиќ Пребендар од загрепската надбискупија и велечасни Златко Корен, жупник во Марија Бистрица. Утрото на самиот ден се одржа света литургија во црквата Св. Рок, каде што присуствуваа голем број верници. По повод денот на светите браќа Кирил и Методиј, парохискиот свештеник отец Кирко Велински ги посети Македонците во Сплит и Задар, каде што се одржа и духовна академија.

Во името на Отецот, Синот и Светиот Дух

*...Блажени да се твоите златозрачни очи коишто ми го одзедоа неразумното слепило од моите очи и им огреа благоразумна светлина... Блажени да се твоите златозрачни стапки со кои ги упати нашите заблудени нозе на прав пат*

(од Похвалата на св. Кирил Филозоф)

Овие пофални зборови на св. Климент Охридски, упатени до неговиот учител св. Кирил, се зборови изречени пред околу 1120 години.

Великиот Охридски архиереј, ученикот на св. Кирил, блажениот наш татко Климент, најблискиот и најнадарен соработник по св. Методиј во севкупното дело на Солунските браќа, знаел зошто го рекол тоа за својот учител. А и кој, знаејќи го неговото дело, знаејќи што тоа значи, а и познавајќи го самиот Кирила не би искажал такви зборови!

Восхитот на свети Климента, искажан кон своите учители, е блажена порака за секое време и од сите генерации, упатени кон личноста и делото на овие великани на сесловенската култура и просвета. Тие нека бидат и наши мисли и наш восхит на овој ден и на ова свето место.

А зошто го нагласуваме ова?

Затоа што преку делото на св. Кирила, преку неговите "златозрачни очи", словенските народи ја видоа светлината што не згаснува, зашто преку него, преку св. Кирила ја почувствуваа богоразумната светлина.

Тоа е навистина така, зашто преку неговите "златозрачни стапки" го најдовме вистинскиот пат, патот што води до вистината и животот, патот до Бога.

И пак да се запрашаме: зошто е тоа некогаш речено така за св. Кирила, а и зошто го повторуваме и ние денес?

- Па, кои бевме ние, Македонците, пред, конечно, преку делото на св. Кирила и Методија, не се утврдивме во верата Христова? Кои беа словенските народи пред да ја видат евангелската светлина, пред да зачекорат по Христа?

Св. Кирил, со брат му Методиј, нè упатија кон изворот на светлината и по патот на вечноста. Тие го пронајдоа клучот со кој ги отворивме дверите на вечоста, со кои ги отклучивме вратите на историјата и цивилизацијата. Тие за нас беа нов Мојсеј и втор ап. Павле. Тие ни ја открија тајната на зборот и силата на словото наше. Тие ни кажаа дека нашето глаголање не е помалку достојно пред Бога од она на другите народи. Тие, преку нашите азбуки, веди... нè запишаа во книгата на народите и преку нив добивме место на небесните страници, во книгата што никогаш не старее и со писмо што никогаш не се брише.

О, блажени наши, отци Кириле и Методије, Македонската Православна Црква, македонската држава и сиот македонски народ, во Република Македонија, овде во Р. Хрватска и ширум во светот, и денес, како и во минатото, а така ќе биде и во иднина, со пофалби и искрена благодарност се го почитува вашето свето дело, зашто тоа е темелник на нашето постоење и тврдина на нашето опстојување.

Без учителско, просветителско и мисионерско дело, прашање е што ќе научевме, колку ќе се просветевме и за што ќе се определевме? А преку кој- Го сретнавме Учителот Христос, преку што се просветивме со Словото на Вистината и со Христа, и, пак, преку што се определивме за Крстот и за Христа.

Кои бевме ние и кое место ни припаѓаше во културата и цивилизацијата - пред да ја составеше словенската азбука, пред да составеше и преведеше книги на нашиот древен јазик?

Верувам дека ќе се согласиме сите, а тоа го потврдува и реалната наука, дека постоењето на твојата мисија и просвета, и споменот на твоето дело и име, оче наш Кириле, после сè она што се случи со твојот брат и твоите ученици во Панонија и Моравија - ќе имаа сосема поинаков тек и прашање е како и колку ќе продолжеше да живее твојата севкупна дејност, доколку по смртта на св. Методиј, во Охрид и Македонија нашиот блажен татко Климент не го продолжеше твоето големо епохално дело. Божја волја била, таму кај што започна историската мисија, од Белото Море, од Солун и Брегалница па преку Моравија, пак таму, на Белото Езеро, во Охрид и Велика, од Македонија во Македонија, да се врати и да продолжи да живее.

Оттаму, твоето дело е неразделно од нашата историја, од нашата култура, па и од нашата црква!

Прашање е како и кога ќе се создадеше црквата во Македонија, Охридската архиепископија - црквата Светиклиментова, ако покрај тебе не растеше и не се учеше нашиот првојерарх св. Климент Охридски, кој во градот на Белото Езеро го основа првиот универзитет на Балканот и разви богата просветна и литературна дејност.

Охрид стана престолнина не само на Светиклиментовата црква и на Самоиловото царство, туку израсна во центар на сесловенската култура и просвета. А Охридската архиепископија и Самоиловата држава беа и останаа богоблагословени темелници врз кои се потпиравме низ сите овие векови, и во ропствата, и во туѓите завладувања со нашиот народ и земја. И токму во нив, во љубовта кон Светиклиментовата архиепископија и во споменот на Самоиловата држава, се носеше искрата дека ќе воскресне и Македонската Православна Црква и македонската држава. Затоа и нагласуваме,преку делото на Кириле, дека преку дело се најдовме себе си и како народ и како црква и како држава, за што им благодариме и сега.

Затоа, каква похвала да ви оддадам вам, што сте се труделе толку заради Христа во источните и во западните и во северните земји

Кој може да ви искаже достојна похвала вам што го пренесовте името Христово по сета земја, коишто темнината на незнаењето од секаде сте ја растерале, покажувајќи пример со себе си

*Затоа, благословен да е јазикот со кој сте ги посеале духовните зборови за безбројните народи* (од Похвалното слово за св. Кирил и Методиј од св. Климент Охридски).

**Нека ви е вечна пофалбата и благодарноста!** Амин

# ИНТЕРПУНКЦИЈА

Дел од нашето писмо се и знаците со кои се означуваат речениците и деловите во нив, паузите и интонацијата на речта. Тие знаци ги опфаќаме со терминот интерпункција.

Во речрениците се среќаваат овие интерпункциски знаци: точка, запирка, прашалник, извичник, точка и запирка, две точки, три точки, загради, црта (тире), наводници и полунаводници.

## ТОЧКА (.)

а) Точка се пишува на крајот од расказна (потврдна и одречна) реченица, без оглед на тоа дали е проста, проста проширена или сложена:

Зората зазори. Фиданка го подотвори фитилот на ламбата.

б) Точка се пишува на крајот на заповедна реченица ако е таа искажана мирно, без заповед:

За следниот час научете ја наизуст Рациновата песна "Ленка".

в) Точка се пишува и зад скратени (неполни) реченици во кои е глаголот испуштен:

Ноќ. Топла августовска јужна ноќ. И раскошно ѕвездено небо. Тишина.

Точка се пишува и пред сврзниците *и, а, ни, но, па, та, меѓутоа, зашто* и др. кога со нив се почнува нова реченица:

Сите овој пат дојдоа. И Митре не беше исклучок. - Сега требаше да преминам на лево. Но маката беше во друго.

Точка може да се пишува и по реченица што е некаков увод во понатамошното кажување. опишување и др.:

Тоа се случи, другари вака.

Зад наслови, зададени теми, потписи, точка не се пишува.

## ЗАПИРКА (,)

Запирка може да се стави:

а) меѓу делови од една реченица;

б) меѓу реченици што влегуваат во составот на една сложена реченица.

А. ЗАПИРКА МЕЃУ ДЕЛОВИТЕ НА РЕЧЕНИЦАТА

Запирка се пишува меѓу напоредни зборови и споеви од зборови при набројување кога не се сврзани со сврзници:

Стојан, Петри и Мице ја фатија планината. Скорни, опинци, исклештени чевли, извиткани крпи, ѕирнати петици - влечат дебели линии по мазната бела простирка.

а) Две или неколку придавки што се однесуваат непосредно на една именка и не се сврзани со сврзници – се одделуваат меѓу себе со запирка:

Наутро се запоточува река од луѓе отспани, недоспани, зловолни, шеговити.

б) Но кога од овие придавки првата не се сврзува директно со именката, туку со составот придавка + именка, тогаш помеѓу двете придавки не се става запирка:

Сонцето дрско се вовираше низ скршеното прозорско окно на чардакот.

а) Запирка се пишува пред сврзниците: *а, но, ама, туку, а камоли, иако, макар* кога сврзуваат делови на една реченица:

Ти прв почна, а не тој. – Не вие, ами ние им го рековме тоа в лице. – Вие зборувавте малку, но умно.

б) Но ако зборовите сврзани со тие сврзници се чувствуваат од пишувачот како една целост, запирката може и да отпадне:

Еден ама вреден. – Стара а пргава жена.

Запирка се пишува пред зборовите: *односно, то ест, поправо, како и, и тоа*, или кога зборовите што стојат зад нив се поблиско определување на зборовите пред нив:

Ќе дадете една претставка, односно молба до нас. - Ќе бидат известени сите: учителите, родителите, како и учениците. Ги донесовме книгите, и тоа токму од вашите.

(продолжува)

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Аа | Бб | Вв | Гг | Дд | Ѓѓ | Ее | Жж | Зз | Ѕѕ | Ии |
| a | b | v | g | d | ǵ | e | ž | z | dz | i |
| [a] | [b] | [v] | [g] | [d] | [gʲ/d͡ʒ] | [e] | [ʒ] | [z] | [d͡z] | [i] |
| Јј | Кк | Лл | Љљ | Мм | Нн | Њњ | Оо | Пп | Рр | |
| j | k | l | lj | m | n | nj | o | p | r | |
| [j] | [k] | [ɫ/l] | [l/ʎ] | [m] | [n] | [ɲ] | [o] | [p] | [r] | |
| Сс | Тт | Ќќ | Уу | Фф | Хх | Цц | Чч | Џџ | Шш | |
| s | t | ḱ | u | f | x | c | č | dž | š | |
| [s] | [t] | [kʲ/t͡ɕ] | [u] | [f] | [x] | [t͡s] | [t͡ʃ] | [d͡ʒ] | [ʃ] | |

Марија Георгиева-Петриќ, судски преведувач за македонски јазик
(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик*, Скопје 1999)

Ивона Дуноски, поетеса и потпретседателка на МКД "Илинден"од Риека

# Секој слободен момент го користам да "проголтам" што повеќе букви



*- Се појави како најубаво освежување на Деновите на македонската култура во Пула. Ги освои сите, па затоа ја замоливме за одговор на неколку прашања за "Македонски глас".*

***Како Вие Ивона би се претставиле самата себе?***

**Ивона Дуноски:** Родена сум во Риека на 1 јули 1977 година. Основно училиште завршив во Кастав, додека средното училиште го завршив 1996 година во Риека. Дипломирав на Економскиот факултет во Риека. Од 1999 година работам во мојата струка. Во текот на своето детство летата ги минував во Македонија, од каде се моите корени, сè до периодот на средното училиште, кога патувањето ми беше оневозможено поради војната. Во тие пет години во мене се појавија силни чувства кои ги пренесов во своите песни.

***Бидејќи говориме за "Македонски глас", интересно ќе биде да ни кажете кои се Вашите македонски корени и како ја избравте Риека за свој сегашен дом?***

**Ивона Дуноски:** *Трбухом за крухом*, еден убав летен ден, мојот татко тргна во светот. Застанувајќи во Риека, овде најде работа и почна нов живот. Неколку години подоцна, кога беше на годишен одмор во Македонија ја запозна мајка ми, на која ѝ вети дека повторно ќе дојде за неколку месеци. Љубовта беше силна и по неколку недели отиде да ја побара за жена, по што, како што е и редот, заедно го започнаа својот живот во Риека, па го основаа своето семејство. Неизмерно ми е мило што сум родена во Риека и што живеам во близина на морето, затоа што тоа ми дава сила да живеам со "полно срце", иако далеку од сите мои кои што се во Македонија.

***Ни птиците не знаат ноти, ама тоа не им е пречка прекрасно да пеат! Зошто Вие пишувате такви убави стихови?***

**Ивона Дуноски:** Мислам дека пишувањето песни го наследив од мојата мајка. Во основното училиште пишував дневник и никаде не одев без него, а во тинејџерските години, кога почна војната, чувствата се засилија, па ми беше полесно да ги ставам на хартија отколку да ги изговорам. Голема љубов ми е читањето книги и секој слободен момент го користам да "проголтам" што повеќе букви. Не сум размислувала за своите песни како за "убави стихови", туку само како чувство што во тој момент ме обзема. Така, некои песни се пишувани крај морето, некои на автобуска станица, или, на некаква забава...

***Кои се Вашите животни планови?***

**Ивона Дуноски:** Тукушто го завршив факултетот и мислев дека ми е доста од учење, но ми остана и силно ме прогонува чувството за стекнување нови знаења, па ете сега размислувам и за последипломски студии и... Но, пред тоа секако ќе запишам и курсеви по странски јазици за да можам што подобро да се снаоѓам и на работа, но и во светот. Еден од плановите е и да работам во некое стабилно претпријатие за осцилациите на стопанството да не влијаат врз мојот секојдневен живот. Мојот животен сон е: сопруг, деца – семејство, а секако и патувања во Македонија во семејна обиколка, барем еднаш годишно.

***Што една млада девојка прави кога "не работи" (не учи, не пишува)?***

**Ивона Дуноски:** Тешко ме држи едно место, често сум во природа, најчесто покрај морето со книга во рацете и со мир во душата. Со оглед на тоа дека сум потпретседателка и член на фолклорната секција на МКД "Илинден" во Риека, со моите сонароднички и пријателки редовно се среќаваме на проби за време на викендите, кога играме со срце и душа. Желба ми е да учествувам во сите активности на Друштвото, кои придонесуваат за поврзување на сите Македонци што живеат во Риека и нивните пријатели, без разлика на сè друго. Така, сега имам прилика да учествувам во тоа што повеќе, да дадам сè од себе за приближување и доживување на мојата Македонија овде каде е мојот дом. Пријателите и кафето се неизоставен дел од мојот живот и љубовта со која тежнеам да ја остварам последната реченица од одговорот на претходното прашање.

М.А.В.

## ИЛИНДЕН

Да ни́е честит Илинден,
ден на славното минато,
ден на македонското јунаштво,
ден со крвави букви напишано:
"2 август 1903-та".

Вечна му слава на народниот учител,
големиот човек, хуманист, борец,
Гоце Делчев, син на Македонија,
кој неустрашиво го поведе измачениот народ
во борба за света слобода!

Бесмртни се сите синови
тргнувајќи во нерамна борба
со малихерки, вили, секири,
го жртвуваа голиот живот за слобода на Македонија.

Наталија Дрнкова - Душиќ

## OKOVI DUŠE

Dozvoli mi da rastem
neslužene mogućnosti
spavaju u meni.
Pusti ih neka se otvore
kao latice pupoljaka
da pupoljak ne uvene,
da se u ružu pretvori
i da ruža oko sebe
miris svoj raširi.

Ne stavljaj kamenje
ispod mojih nogu.
Dopusti da sama hodam.
Znaš da to mogu.
Da stignem tamo
kamo sam se uputila.
Ne daj da zbog tebe
na tom putu izgubim sebe.

Ne lomi mi krila.
Daj da slobodno letim.
Da se vinem u visine
da napunim grudi
najčistijim zrakom
da mogu disati.
I ne misli
da se neću vratiti.
Samo želim da možeš shvatiti
da okovi zauvijek
ne mogu trajati.

Violeta Juvan

## НАЈУБАВ ГРАД ВО ДАЛМАЦИЈА / ГРАД ЗАДАР

Во едно тивко предвечерје се шетавме замислени.
Јас сакав да шетаме по Калеларга, а ти околу морето,
по обалата.
Дојдовме до свети Донат.
Одеднаш се погледавме, и чувме чудни звуци.
Како морска сирена! Ти реков јас.
Послушај! Зар не е волшебно!
Побрзавме кон обалата, каде беа собрани многу луѓе.
Што гледаат! Не ми е јасно. Величествена слика и тон.
Најубаво заоѓање на сонцето.
Најубава музика.
Волшебна музика излегува од морето.
Ти ми објаснуваш.
Тоа ти се оргулите во морето, кога дува ветерче најубаво свират.
Да, сум чула, сега почувствував и јас дека се единствени.
Се срамам, зошто мина доста време, во овој град
живеам, а дури сега ги гледам оргулите и уживам во
нивните прекрасни и единствени тонови.
Гордо изјавувам среќна сум што живеам во овој
град со најубава слика на зајдисонце, а тоа го знае скоро
цел свет!
Најубаво море и единствена морска музика, единствените
оргули!

МИРЈАНА МАЈИЌ

## ЛИЦА

Ги гледам како проаѓаат
Секој има своја животна приказна
Еве, овој стар човек
Многу има пропатено!
А, оваа госпоѓа
Е весела и сретна!

Гледам лица
Исите носат во себе
Своја радост, своја тага
Свое страдање.

Гледам лица
Детски, невини, насмеани
Наивни и среќни.
Без животно искуство.

Истите тие лица ми се мили,
Секоје е посебно и во себе
Носи внатрешна убавина.

А најубаво е лицето
На мојата Леа
Мојето мило мало девојче!

Сè уште не разбира,
И не сфаќа што носи животот
Среќна е и полетна!

А јас, јас ќе се потрудам
Нејзиното мило лице
Секогаш да е озарено
Со среќа и радост!

За мене,
И за сите околу себе,
За цел живот.

Тоа е моето лице!
Тоа е моето огледало,
Мојата најголема радост,
Мојата ќерка Леа!

ЕМИ ЛОНГИН


ALKALOID
SKOPJE
Health above all
PHARMACEUTICAL CHEMICAL COSMETIC INDUSTRY



Љубинка Винокиќ, која сите ја знаат како Бубе, родена е 1990 година во Скопје. Живее во населбата Стар Аеродром, каде и го посетува основното училиште "Блаже Конески". Уште пред поаѓање на училиште, кога научи да пишува, почна да ги создава своите стихови. Токму затоа, во овој број на "Македонски глас" објавуваме неколку нејзини песни.

## БЛАЖЕ КОНЕСКИ

Што е тоа
што ме грее,
што го чувствувам
како мое?
Дали е тоа
делото твое?

Денот кога затрепери
перото во твојата рака,
скрати дел, од нашата мака.
Ти не описмени,
ни ги отвори очите
за времиња темни.

Ти не си сонце што грее,
ти си месечина што свети,
го осветлуваш патот
и во ноќите темни.

Но замина?
Јас нема да речам така
ти си тука меѓу нас
и секој те сака.

Татко наш!
Можам така да те речам,
беше со нас некогаш,
ќе бидеш секогаш!

Љубинка Винокиќ
О.У. "Блаже Конески" – Скопје, 2001

## МОЈОТ ДОМ

Мојот дом
секогаш е топол, уреден и чист.
Во мојот дом
сум како во сон.

Тука ни минуваат дните
мене и на сестра ми мила.
Кога сме добри сите
куќата од радост шири крила.

Ќе го бранам
не го давам,
во него секогаш
добри работи правам.

Љубинка Винокиќ
Скопје, 1998

## ЗАРОБЕН ЦВЕТ

Еден цвет
среде околина нечиста никна.
Не е виновен тој
што сјајот негов
прекрасно не бликна.

Пригушен е тој
од гасови и објекти
што секој ги гради,
сонцето му е земено
од високи згради.

Го видов овој цвет
со наведната глава
и свената става
како моли и помош бара.

Се наведнав и нежно го земав,
го посадив во цветна градина,
тој веќе не е во онаа нечиста
средина загадена.

Со убави и живи бои
тој израсна во прекрасен цвет.
се исполнија и желбите мои
да пчелите и од него собираат мед.

Љубинка Винокиќ
Скопје, 29.10.1998

Освоена прва награда
на манифестацијата
"Караван на цвеќето"

# ЛЕТОТО Е ПРЕД ВАС (ИСТО КАКО И ЖИВОТОТ)

## РЕЗЕРВИРАНО ЗА ДЕВОЈЧИЊА ОД 15 ДО 18 ГОДИНИ

### 12 РАБОТИ КОЈИ БИ ТИ ГИ КАЖАЛ КОГА БИ СМЕЕЛ

1. Те молам, те молам, овој пат нарачај нешто повеќе, а не само салата.
2. Дефинитивно - премногу шминка.
3. Не се работи за пари, ама ова не ми личи на дијамант. Чист циркон.
4. Како сестра ти има добра душа.
5. Искрено, малку ми е страв од татко ти.
6. Затвори ја муцката, душо, и немој да ме прашуваш! Како јас да знам како работи тоа... И-Под!
7. Разбуди се, нешто шушка во куќата! Би можела ли да провериш што е тоа?
8. Навистина? Си спиела со 15-ет дечковци? Па тоа е 10 пати повеќе од мене.
9. Само кога би знаела како денес шефицата ми се смешкаше. А какви нозе има, сестро!
10. Ако шпагети со сос ти се најдоброто во готвењето, тогаш навистина...
11. Би можела ли некако да го сториш она што го правеше мојата бивша девојка?
12. Да не си се ти тоа малку здебелила...?

### ШТО Е ВСУШНОСТ ЉУБОВ?

1. Љубов е љубов: способност некој да те сака на свој начин, ама и на начин кој тебе ти одговара!
2. Љубов е да знаеш да го прифатиш и него и себе!
3. Љубов е во себе да носиш работи со кои нема да ја оптеретуваш другата страна: Кога некој бескрајно го сакаш, нема нити една работа која е неопростива!
4. Романтиката е како супа: добри се оние во кои ќе ставиме многу зарзават и месо!

### ШТО БИ САКАЛЕ ТАТКО ВИ ДА ВИ КАЖЕ ЗА МОМЧИЊАТА

1. Ќе ја погледне секоја кеса што ќе ја донесете дома со доза на сомнеж, особено кога за време на распродажбите можете да си купите прекрасен фустан за малку пари
2. Ни тие не ги знаат сите функции на мобилниот телефон, ама треба да ги пуштите да живеат со тоа уверување
3. Мажите се потајно љубоморни на сите други мажи во вашиот живот - дури и на вашиот омилен цртан јунак Петар Пан
4. На почетокот на врската момчето ќе докажува дека знае да готви како Џими Оливер, а подоцна ќе "заборави" како се пржат јајца
5. Не ви е потребен доктор - настинатиот маж секогаш има најтежок вид на грип
6. Секој маж не е роден мајстор, ама сите се "зафатени" кога ќе ги замолите да ја закачи на ѕидот сликата што ви ја подарил
7. Ако го замолите да ви ги покаже најважните возачки правила, не се нервирајте кога ќе почне да зборува дека жените се од друга планета
8. Кога ќе ве запознае со најдобриот пријател, тоа значи "навистина ми се допаѓаш", а не "досадно ми е со тебе и ми треба некој кој може да испие десет 'Жуји'"



9. Ако го пропуштите последниот трамвај по вечерта помината со вашите пријателки, ќе дојде по вас, ама како и вашиот татко, не очекувајте дека поради тоа ќе биде среќен
10. Вие "одите на фитнес" - тие "тренираат". Што тренираат ќе остане вечна тајна.

Уредува: Аделина Христовска

# ЦРКВАТА СВЕТИ РОК НА РОКОВИОТ ПЕРИВОЈ ВО ЗАГРЕБ

*Благодарејќи на Католичката црква и покојниот кардинал Фрањо Кухариќ, на Македонската православна црковна општина "Света Злата Мегленска" од Загреб, од 1996 година и е овозможено за своите верници да одржува бденија и богослужби на македонски и старословенски јазик во црквата "Свети РОК" на Роковиот перивој (парк).*



Изградбата на црквата "Св. Рок" започнала во средината на 17 век и е поврзана со тогашната појава на чумата. Во тоа време жителите на слободниот кралски град Загреб дадоа завет дека ќе подигнат црква во чест на заштитникот Св. Рок, ако градот биде поштеден од таа заразна болест.

И навистина во 1647 година започнала изградбата со помош на сите луѓе, без разлика на нивниот граѓански статус. Донесуван е градежен материјал за ѕидање, направен е кровот, а над влезот е подигнато кубе. Градбата е завршена следната 1648 година. Потоа е изрезбарен дрвениот олтар во барокен стил и кипот на Св. Рок до 1655 година, па во неа започнале богослужбите.

Малата камбана, сместена во кубето, е излиена 1663 година, а таа и денес ги повикува верниците на бдение. Црквата ја посветил загрепскиот бискуп Мартин Борковиќ на 26 јули 1682. Во црквата има и мали оргули кои се поставени во почетокот на 18 век. Покрај црквата во тоа време било и гробиште, ама погребите траеле само до изградбата на градските гробишта Мирогој во 1876, а овие се претворени во парк.

На *Роковиот перивој* закопани се многу значајни хрватски великани, меѓу кои најпознат е композиторот на првата хрватска опера Ватрослав Лисински.

Големиот земјотрес во Загреб во 1880 година доста ја оштети црквата и по нејзината обнова таа го има денешниот изглед.

Рок е роден 1295 г. во Монтпелиер, во јужна Франција. Татко му бил гроф. Родителите, по многу години без деца, го измолиле од Бога со даден завет. Од грижната мајка добил добро воспитание. Но, на 20 години останал без родители. Го продал својот имот, а парите ги поделил на сиромасите и како сиромашен аџија се упатил во Рим.

Христијанското воспитание на Рок било длабоко влезено во неговото срце, го љубел Бога и несебично се жртвувал и дарувал. Со голема љубов према Исус Христос како аџија го минувал светот. На својот аџилак кон Рим се задржал во Аквапенденте каде им помагал на болните и со Божја помош сторил неколку чудесни оздравувања. Во Рим се задржал околу три години. Враќајќи се во татковината, се задржал во Римини, Новара и Пиаценза каде им помагал на болните. Во Пиаценза се разболел од чума и бил истеран од градот. Тогаш се почуствувал осамен како Исус на крстот. Живеел во некоја шума каде што, како вели легендата, секој ден кучето на патрицијот Готард му носело парче леб. Таа слика на Св. Рок со кучето и раните на нозете го овековечиле многу сликари и кипари.

Кога италијанскиот патриције Готардо Паластрели, следејќи го своето куче, наишол на болниот Рок во шумата, почнал да разговара со него. Иако не бил човек со вера го прифатил Рок додека не оздравил. Исцрпен од тешката болест, изобличен, се вратил во своето родно место, каде не го препознале и како сомнителен бил затворен. Во затворот живеел пет години каде што повторно се разболел од чума. Свештеникот, кој му поделил свети сакраменти, го препознал Рок.

Починал на 16 август 1327 година, а од Бога веднаш бил прославен со разни чудесни знакови. Неговото почитување почнало од родното место, па се проширило во северна Италија. Кога во 1477 г. избила чума, во Венеција во чест на Св. Рок е основано негово братство. Оттаму тој култ минал во Далмација и на Корчула. Таму и сега постои братство на Св. Рок. Во негова чест во светот изградени се многу цркви и капели, а во Италија скоро 3000. И во Хрватска се изградени повеќе цркви, а позната е црквата на Св. Рок во Вињани Горњи кај Имотски.

Св. Рок е најчесто избиран како заштитник против чумата. Тоа многу придонело за неговата слава и почитување. Особено го почитуваат фрањевците и капуцините. Папата Григур XIII го внесе името на Св. Рок во Римскиот митрологиј, а подоцна тоа го потврдил и Урбан VIII.

Побожниот народ и денеска го почитува Св. Рок, барајќи помош против болестите на домашните животни и при разни природни катастрофи. Неговиот празничен ден, 16 август, е ден кога верниците одат на богослужби во неговите светилишта.

Црквата "Св. Рок" ѝ припаѓа на Жупата "Св. Блаж". Се заблагодаруваме на жупникот Звонимир Секељ кој ни ги даде податоците за оваа црква, напоменувајќи дека наскоро ќе почне нејзината реставрација. Благодарност упатуваме и до жупникот на црквата "Св. Рок" во Вињани, фра Динко Бошњак, за добиените библиографски податоци за животот на Св. Рок.

Марко Паризоски

# СВЕТИ ВЕЛИКОМАЧЕНИК ПАНТЕЛЕЈМОН ЛЕКАР ЗА СИТЕ БОЛЕСТИ

На 8 август го славиме големиот маченик и светител Пантелејмон, кој има исклучително место во историјата на македонското христијанство. Што има свети Пантелејмон заедничко со христијанството во Македонија, што има свети Пантелејмон со Македонската православна црква? Зарем не е како и другите светители што ги празнуваме во нашиот православен календар?

Свети Пантелејмон за нас последователите на свети Климент Охридски Чудотворец, и основоположник на МПЦ просвета и култура, значи нешто повеќе! Имено, првиот манастир изграден на македонснките простори, подигнат во Охрид од страна на свети Климент Охридски, е токму во чест на светиот великомаченик Пантелејмон. Па, оттаму, ако свети Пантелејмон е закрилник на свети Климента, нашиот патрон и основоположник, тогаш свети Пантелејмон е исто така наш заштитник на сите, како што е свети Климент - Охридски патрон на нашето христијанство, на нашата Света Црква.



Почитта кон свети Пантелејмон од Охрид ќе се пренесе низ цела Македонија. По изградбата на манастирот во чест на свети Пантелејмон, во негова чест ќе бидат набрзо подигнати манастири и во Скопско, Воденско, Битолско, Велешко, Кочанско и т.н. Манастирот, што македонски градители и еснафи од Охридско и Струшко го изградиле на Света Гора, познат како Зографски манастир, исто така е подигнат во чест на свети великомаченик Пантелејмон.

Инаку, свети великомаченик Пантелејмон се родил во средината на III век во градот Никомидија, во областа Витанија, во Мала Азија. Мајка му била христијанка, а татко му бил незнабожец. Неговата мајка уште во детските години го подучувала и воспитувала во христовата наука. Но, таа рано починала и младиот Пантелејмон останал без својот учител во верата. Кога дошло времето за школување, татко му го дал да ја изучува медицината кај еден познат царски лекар. Пантелејмон брзо напредувал во медицинската наука, така што бил најдобар меѓу сите што со него се школувале.

Подоцна, при една прилика, младиот Пантелејмон се сретнал со христијанскиот свештеник Ермолај, па таа средба ќе значи пресврт во неговиот живот. Имено, по разговорот со свештеникот Ермолај, кај младиот Пантелејмон ќе се вратат сеќавањата и спомените од христијанските поуки што покојната мајка му ги упатувала, па повторно ќе се загрее неговото срце за Христовата наука и тој набрзо се крстил.

За кратко време толку брзо напредувал во лекарската професија, што за него се слушнало надалеку. Кај него носеле луѓе со разни заболувања и болести, дури и безнадежни случаи, а еднаш оживеал, односно воскреснал и едно дете кое што давало знаци дека веќе е умрено: *Господи, Исусе Христе, иако сум недостоен да Те повикувам, но ако сакаш да ме имаш за Свој слуга, покажи ја Својата сила: Нека оживее оваа момче... И така станало...*, се вели во неговото житие.

При една друга прилика, на еден повеќегодини ослепен човек, кого го лекувале многу лекари - му го повратил видот. - *Излекување ќе ти даде Отецот на светлината - вистинскиот Бог: Во името на мојот Господ Исус Христос ти велам - прогледај!* Во истиот момент слепиот прогледал.

По пројавената лечителна моќ што ја покажал младиот лекар Пантелејмон се јавила голема завист и љубомора кај многу лекари, посебно кај нехристијанските, кои биле вчудоневидени од начинот на кој Пантелејмон лекувал: Со едноставен лек, со молитва кон Господа Исуса Христа. Бидејќи бил христијанин, официјалната Римска власт веднаш интервенирала, па лекарот Пантелејмон бил повикан од императорот Максимилијан пред кого ја исповедал својата вера во Исуса Христа: *Господи Исусе Христе, биди со мене и дај ми трпение за да издржам до крај* - се молел гласно младиот Пантелејмон.

Бил наговаран да се откаже од Христовото име и од начинот на кој лекувал. Па кога не помогнале ни ветувањата за висок положај на императорот, ни разните измачувања, и откако Пантелејмон останал упорен и цврст во својата вера во Исуса Христа, по големите измачувања, му била отсечена главата. Така, во 296 година, го завршил својот млад живот. Завршил земниот живот на свети Пантелејмон, но неговата моќ за лекување продолжила: таа трае до ден - денешен.

Можеби за многумина е чудно како можел свети Пантелејмон да лекува, како што лекувале и светите Козма и Дамјан, свети Кир и Јоан и многу други христијански лечители. Возможно е сето тоа! Зарем има нешто неможно за Бога? Ако Бог е причина за нашето постоење, тогаш Тој владее и со нашето здравје, па затоа секогаш големите духовници и молитвеници ја имале Божјата поткрепа во желбата да им помогнат на оние што искрено барале Божја помош.

А дали ние денес, и покрај големите постигнувања на науката, покрај високите дострели на медицината, сме во можност да се ослободиме од сите нарушувачи на здравјето, од сите болести? - Не! Нема лекување без помошта од Лекарот над лекарите, без помошта на Бога. Ќе се прашаме зошто денес многу ретко се случува чудесно лекување? - Ретко се случува зашто уште поретко можеме да најдеме силна вера и постојана молитва кон Оној што владее со сѐ. Значи, проблемот не е во можноста да се лекува и денес преку името Божјо и преку Неговите светии, туку во прашање е нашата вера која е помала и од синопово зрно, па не сме во можност ниту на себе, ниту на другите да им помогнеме!

Затоа, ова е време кога најпрво треба да го лечиме нашето неверие, слабоверие и суеверие. Човештвото, како никогш досега, се оддалечило од Бога, ја изгубило верата, па оттаму лоши релации и односи меѓу државите и народите, оттаму немири и војни, оттаму убиства и насилства на секој чекор. **Светот и човештвото без Бога се најголемата болница и постојана опасност од зголемување на болестите.**

Дај Боже, да ни се врати верата, да ни се засили надежта и да ни се зголеми љубовта, па да го најдеме единствениот лек на сите болести и Лекарот на сѐ - Бога, Семоќниот лечител од секаква болест, за да ни се врати и смислата на нашето живеење на земјата.

Господ нека помага на секој од нас, преку молитвите на свети Пантелејмон, светите Климент и Наум Охридски и сите светии, и да ни дарува здравје и спасение. Амин.

Отец Кирко Велински



# македонска трпеза

*Во летните месеци, кога температурите го минуваат 30-тиот степен, се препорачуваат полесни јадења. Еве што од богата македонска кујна за летните месеци Ви предлага Македонски глас.*

## СТУДЕНА МАКЕДОНСКА СУПА СО ПАВЛАКА

**Потребно е:**
1/2 китка млад лук
1 главица кромид
4 домати
2 мали главици цвекло исечени на коцки
1/2 корен на паштрнак
1/2 краставица
сок од 3 лимони
100 г чадена шунка
2 тврдо варени јајца
1 л јогурт
2,5 дл павлака
2 кафени лажици сенф
1 кафена лажица сол
10 коцки мраз
малку минерална вода
2 парчиња двопек
1 кафена лажица масло

**Подготвување:**
Младиот лук и кромидот ситно исечете ги. Излупете ги доматите и исечете ги на коцки. Коренот од пашканатот и краставицата излупете ги и исечете ги на коцки. Сѐ измешајте и додадете го цвеклото, исто така исечено на коцки. Потоа смесата прелијте ја со сокот од лимоните и ставете ја на ладно место да отстои 1 саат. Шунката и јајцата исечете ги на коцки и додајте ги во смесата. Измешајте ги јогуртот, павлаката, солта и сенфот, па постојано мешајќи прелијте ги во чинијата со смесата. Пред сервирањето, додајте ги коцките мраз и минералната вода, па измешајте повторно. На крајот над супата ставете го двопекот кој претходно сте го испржиле на масло.




## САЛАТА ОД ТУНА

**Потребно е:**
2 конзерви туна или 30 дкг свежа туна
2 тврдо варени јајца
1 свежа црвена пиперка
4 млади кромитчиња
2 свежи домати
1/2 дл маслиново масло
копар



црн пипер
сол по вкус
сок од 1/2 лимон
неколку листа зелена салата за украсување

**Подготовка:**
Доколку користите свежа туна, пред печењето парчињата треба да ги маринирате 1-2 часа во смеса од 1/2 дл маслиново масло и сок од 1/2 лимон, па потоа испржете ги на маслиново масло и оладете ги. Во сад ставете ги исечканата туна, јајцата, пиперката, младите кромитчиња и доматите. Според вкусот, додадете и малку копар. Зачините со маслиново масло и лимонов сок. Послужете ја на листови од зелена салата ставени во стаклена чинија.

## МУСАКА ОД ТИКВИЧКИ И МОДАР ПАТЛИЏАН

**Потребно е:**
3 поголеми тиквички
2 поголеми модри патлиџани
1/2 кг мелено месо
2 главици кромид
1/2 китка магдонос
2 чешниња лук
малку сол
црн пипер
1 кафена лажица црвен пипер
4 дл масло за јадење

За тестото потребно е:
1/2 л ладно млеко



3 јајца
350 гр остро брашно
шеќер
сол
минерална вода

За преливот потребно е:
2 дл павлака
1 јајце
2 лажици брашно

**Подготовка:**
Млекото, јајцата и брашното изматете ги густо како за палачинки. Во тестото додадете малку сол, шеќер и минерална вода. Сè добро измешајте и оставете го тестото да отстои најмалку 6 часа - 5 часа во фрижидер, а 1 час на собна температура. Најдобро е тестото да се подготви еден ден порано.
Тиквичките и патлиџаните излупете ги, посолете ги и оставете ги да отстојат додека не пуштат вода. Потоа, исцедете ги и исечете ги на плошки. Потоа најнапред извалкајте ги во брашно, па во смесата подготвена како за палачинки и испржете ги на масло. Во друг сад испржете го кромидот и додајте му го меленото месо, па зачинете го со сол, црн и црвен пипер, магдонос и лук. Во тава за печење наредете ред пржени тиквички и патлиџани, па ред месо, со забелешка дека тиквичките и патлиџаните треба да бидат најгоре. На крајот, мусаката ставете ја во рерна која претходно сте ја загреале на 200 °C, потурете ја со смесата од јајце, брашно и павлака, па печете ја околу 15 минути.



## СЛАТКА ПОГАЧА ОД ГРОЗЈЕ

**Потребно е:**
400 г брашно
2 јајца
80 мл млеко
100 г шеќер
1 свеж квасец
2 кафени лажици масло
малку сол

**За украсување:**
350 г црно и бело грозје
30 г шеќер во прав ½

**Подготовка:**
Квасецот растопете го во млеко. Во подлабок сад ставете ги брашното, јајцата, шеќерот, маслото, малку сол и квасецот растопен во млекото, па добро измешајте додека не добиете меко и мазно тесто. Тавата за печење намачкајте ја со путер и наросете ја со брашно. Со сукало развлечете го тестото во кора дебела 1 см, голема колку тавата за печење. Ставете ја во тавата, покријте ја со најлонска фолија и оставете ја да отстои 45 минути. Откако тестото отстои наредете го исчистеното од семки грозје, посипете го со шеќерот во прав и печете го 30 мин. во рерна на 175 степени.

# ДРАМСКИОТ ТЕАТАР ОД СКОПЈЕ ЗА ПРВПАТ ВО РИЕКА

## *Наградата "Вељко Маричиќ" за главна машка улога ја поделија Јовица Михајловски и Никола Ристаноски*





Драмскиот театар од Скопје на овогодишниот 12.-ти по ред Меѓународен фестивал на мали сцени гостуваше првпат. Неговиот ансамбл беше меѓу дванаесетте драмски дружини од осум европски земји, што само по себе говори за значењето на овој фестивал. На неговото отворање присуствуваа многу познати лица од светот на театарот, но и оние обичните љубители на театарот.

И оваа година Фестивалот му остана верен на камерниот театар, што значи дека гледалиштето и глумците беа сместени во ист простор - на мала сцена, за што во ХКД на Сушак во Риека посебно беше монтирана трибина. Манифестацијата на Риечани им овозможи да видат претстави од Хрватска, Унгарија, Србија и Црне Гора, Летонија, Македонија, Словенија, Белгија и Румунија. Традиционално за сите нив владееше големо интересирање, па до влезници тешко се доаѓаше, што се случи и за изведбата на Драмскиот театар од Скопје – за нивната претстава "Од друга страна" многу заинтересирани членови на "Илинден" не можеа да добијат влезници.



Фестивалот на мали сцени официјално го отвори риечкиот градоначалник Војко Оберснел, кој истакна дека тоа е манифестација која одамна ги прерасна границите на градот, дури и на Хрватска. Затоа градот ја препознава вредноста на Фестивалот, па според своите можности ја поджува оваа манифестација. "Затоа ја користам оваа можност и им упатувам покана од Министерството за култура да го препознаат овој фестивал и финансиски го поджат", рече Оберснел.

Претставите на фестивалот оваа година беа прикажувани на пет сцени во девет вечери, на кои, по прв пат оваа година, настапија и театри од Македонија, Румунија и Летонија. Водството на фестивалот со години ги следи театарските трендови во земјава, но и во соседните па и подалечните земји, па актуелниот селектор донесе одлични драмски претстави. На тркалезните маси кои се организираа по претставите, риечката публика имаше можност одблизу да ги види глумците, да го чуе мислењето на релевантните театарски луѓе, но и да ги запознае режисерите, драмските писатели и критичарите.

Шестиот ден на фестивалот е прикажана претставата на Драмскиот театар од Скопје "Од друга страна" од авторот Дејан Дуковски, во режија на Слободан Унковски. Драмата има интересна содржина, со мал број ликови, "скроена" според мерките за правење драмски приказни, а сепак вешто "изместена" со симултано дејствие и живи (иако некогаш непотребно вулгарни) дијалози. Дуковски дејствието го сместува во еден сиромашен бар, каде два пара се фатени во повеќезначни преплетени односи. Како во некоја гротесна семејна бајка, хомосексуалец и бивши куклар Лаки (Јовица Михајловски), на кого кукленият театар му го разнела бомба, по многу години открива дека има дете. Улогата на мајката – Лили, која се занимава со најстариот занает на светот, ја игра Ирена Ристиќ. Во љубовниот четвороаголник се наоѓа и несреќната девојка Мала (Камка Тациновска), на која војната ѝ го разорил животот, како и, до заби наоружаниот, Трики (Тони Михајловски).

Разговорот на тркалезната маса по изведбата на Драмски се водеше околу драматуршкиот и режисерскиот концепт, кои некои безрезервно го подржаа, а некои сметаа дека претствата би можела да биде и покуса. На некои претставата им остави горчлив вкус, посебно поради неповрзаноста меѓу ликовите, а и меѓусебната некомуникативност. Имаше и такви тврдења дека помалку до израз доаѓа режијата на Унковски, отколку ангажманот на глумците, кои дадоа солидни артистички креации. Инаку, претставата ги воодушеви гледачите со добрата глума и режија, а на крајот претставата ја оценија со просечна оценка - 4.16, доволна за деветтото место.

Дванаесеттиот меѓународен фестивал на мали сцени заврши со претставата "Електра" во изведба на Државниот театар Орадеа од Румунија. Во жирито оваа година беа: познатата белградска глумица Милена Дравиќ, глумецот Жарко Радиќ од Сплит, Милада Калезиќ, филмска и театарска режисерка од Марибор, драматургињата Жељка Турчиновиќ од Загреб и писателката Даша Дрндиќ од Риека, кои унгарската драма "Галеб" ја прогласија за најдобра претстава. Наградата "Вељко Маричиќ" за главна машка улога ја поделија Јовица Михајловски и Никола Ристаноски (глумеше во драмата "Нигдје никог немам" на црногорскиот Народен театар од Подгорица). Никола Ристановски за оваа своја улога беше награден и од житото на "Нови лист" со признанието "Медитеран" - за најдобра глумачка креација. Помеѓу многуте други наградени, за најдобра млада глумица жирито ја прогласи Камка Тоциновска за улогата Мала.

Владо Настески









# БАЛЕТОТ НА МНТ ВО ЗАГРЕБ

*Македонските балетни уметници со претставата "Ташула, охридската робинка" на Стојан Стојков ја воодушевија публиката на сцената на Хрватскиот народен театар во Загреб*



По скоро четврт век, во Загреб гостуваше Балетот при Македонскиот народен театар од Скопје. Тие се претставија со балетот "Ташула, охридската робинка" на истакнатиот македонски композитор Стојан Стојков.

Либретото на Миле Волкановски се темели врз легендата од времето на турското ропство во Македонија. Накусо, Целадин - бег има свој сарај крај Охридското Езеро. Во беговиот харем, меѓу другите, живее и робинката Ташула, преубава девојка со чија убавина е опседнат Целадин - бег, па поради неа тој ќе ја истера и законската сопруга. По бројни случувања и сплетки во беговиот сарај, Целадин сака да се ожени со убавата робинка, па откако таа ќе го одбие збеснатиот бег ја силува пред сите.

Кореографот Владимир Логунов според фабулата обликува претстава во два чина и дури 11 призори, кои, всушност, го прекинуваат континуитетот на драмското дејствие. Меѓутоа, композиторот Стојков, кој во сите свои дела го користи богатиот македонски фолклор, со убавината на музичкиот израз ги покрива сите кореографско-режисерски недостатоци. Композиторот многу вешто ги користи не само старите народни познатите песни ("Калеш бре Анѓо" и други), туку во инструментариумот ги користи традиционалните инснтрументи кавалот и дудукот. Авторската обработка на фолклорните музички теми му дава потполно нова, современа димензија на специфичниот хармониски третман.

"Ташула, охридската робинка" ја реализираа извонредно увежбаните играчи Александра Мијалкова, Катерина Кипроска, Билјана Каленикова, Василиј Чичишвили, Горан Божинов и други. Полната сала на ХНК гостите од Македонија ги поздрави со овации и долготраен аплауз.



Балетот при МНТ во Загреб

фото: В. Плавески